Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 17**

**30.12.2013**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Заклучокот за усвојување на Анекс на Годишната програма за работа на ОУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2013/2014 година

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Анекс на Годишната програма за работа на ОУ „Даме Груевс“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2013/2014 година донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08-966/1 Општина Демир Хисар
30.12.2013 година Градоначалник
Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.

**139.**Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од /Законот за локална самоуправа „Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05 и 7/09/, Советот на Општина Демир Хисар на 13та седница одржана на 26.12.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Анекс на Програма за работа на ОУ “Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2013/2014 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Анекс на Програмата за работа на ОУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2013/2014 година.

2.Заклучокот влгува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-942/2 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2013 година Претседател,**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2014 година

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2014 година донесен на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08- 966/2 Општина Демир Хисар
30.12.2013 година Градоначалник
Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.

**140.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од /Законот за локална самоуправа „Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05 и 7/09/, Советот на Општина Демир Хисар на 13-та седница одржана на 26.12.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2014 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за учебната 2014 година.

2.Заклучокот влгува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-942/3 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.12.2013 година Претседател,**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2014 година

1.Ја објавувам Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2014 година донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08- 966/3 Општина Демир Хисар
30.12.2013 година Градоначалник
Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.

**141**. Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02;4/05 и 7/09) и член 101 од Деловникот за работа на Советот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 26.12.2013 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2014**

**Вовед**
Заради остварување на законски утврдени надлежности на Советот на Општина Демир Хисар со оваа Програма се остварува начелото на програмирање на задачи и активности што се во надлежност на Советот на општината, а се утврдени со Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Демир Хисар и други законски и подзаконски акти. Во Програмата се утврдуват називите на активностите што ќе се реализираат во текот на 2014 година, носителите на изработка на метеријалите, предходно разгледување низ комисиска расправа и усвојување од страна на Советот. Во концепирањето на Програмата користени се во најголема мера предлози од Градоначалникот и општинската администрација, јавни претпријатија и установи, општински организации како и комисиски и други предлози. Со оглед да се работи за започнатиот процес децентрализација кој ќе тече подолг период секако дека ќе има потреба се до усвојувањето на Програмата, а и после нејзиното донесување да се јават потреби од разгледување на материјали пред Советот, а кој не се влезени во Програмата што укажува на фактот дека таа е од отворен карактер и може да се дополнува.

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**

***ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ-I Тромесечие***

1.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 година за IV квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

2.Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2014 г
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

3. Годишен Извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Усвојува:** Советот на општината.

4. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

5. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

6. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на Здруженија и фондации и НВО за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува**: Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

7.Извештај за реализација на Планот за развојни програми за 2013 година.
**Изготвува**: Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Советот на општината.

8.Извештај за работењето на ПС од општа надлежност Демир Хисар за 2013 г.
**Изготвува:** ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

9.Информација за состојбата со наплата на комуналната такса за 2013 година.
**Изготвува:**Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет

**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

10.Информација за состојбата со наплата на данок на имот за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

11. Годишен Извештај за состојбата со деловниот и стамбениот простор со кој стопанисува општина Демир Хисар даден под закуп за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

12. Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за 2013.
**Изготвува:** Оддление за инспекциски надзор-инспекторат
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

13.Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2013
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

14. Извештај за реализација на Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2013 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

15.Извештај за реализирани активности на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар во 2013 година.
**Изготвува:**Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

16. Извештај за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

17. Извештај за реализација на Програмата за вршење на работите на оддржување на јавна чистота во градот за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

18. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во Општина Демир хисар за 2014 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

19. Извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на општина Демир Хисар за 2014 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

20.Извештај за работата на ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар за 2013 година .
**Изготвува:** ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
**Разгледува**: Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

21.План за работа на ЈКП"Комуналец" за 2014 година
**Изготвува:** ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
Разгледува: Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

22.Извештај за работа на Дом на култура "Илинден"Демир Хисар за 2013 г.
**Изготвува:** Дом на култура "Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**: Совет на Општина Демир Хисар

23.План за работа на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар за 2014 г.
**Изготвува:** Дом на култура "Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општината

24.Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2013 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

25.Годишен извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2013 год.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

26.Завршна сметка на Дом на култура"Илинден" Демир Хисар за 2013 г.
**Изготвува:**Дом на култура"Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:**Надзорен одбор за матер. финан работење.
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

27.Завршна сметка од ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар за 2013 година.
**Изготвува:** ОУ "Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

28.Завршна сметка од ОУ "Браќа Миладиновци"с.Жван за 2013 година.
**Изготвува:** ОУ "Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

29.Завршна сметка на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2013 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува**:Училишен одбор
**Усвојува:**Совет на општина Демир Хисар

30.Завршна сметка на ДСУ "Крсте П.Мисирков" Демир Хисар за 2013 г.
**Изготвува:**ДСУ "Крсте П. Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

31.Завршна сметка на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2013г.
**Изготвува:** ЈОУД детска градинка "2-ри Септември " Демир Хисар
**Разгледува:** Управен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

32.Завршна сметка на ЈКП"Комуналец" Демир Хисар за 2013 година.
**Изготвува:** ЈКП "Комуналец" Демир Хисар
**Разгледува:**Ком.за финан. и буџет/Надзорен одбор на Комуналец
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

### *АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ-II Тромесечие*

33.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година за I квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

34. Одлука за уредување на јама за закоп на угинати животни.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:**Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

35.Извештај за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2013/2014 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

36.План за јавност во работата на општина Демир Хисар за 2014 година
**Изготвува:** општинска администрација ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

### *ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ-III Тромесечие*

37.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година за II квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

38.Извештај за шест месечно работење на ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар
**Изготвува:** ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за јавни комунални дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

39.Извештај за шест месечно работење на ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Изготвува:** ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

40.Извештај за работа на ОУ"Гоце Делчев" за 2013/2014 година.
**Изготвува:** ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

41.Извештај за работа на ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван за 2013/2014 година.
**Изготвува:** ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

42.Извештај за работа на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2013/2014 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

43.Извештај за работа на ДСУ "Крсте П.Мисирков" Демир Хисар за 2013/2014 година.
**Изготвува:** ДСУ"Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

44.Извештај за работа на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2013/2014 година.
**Изготвува:** ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

45.Програма за работа на ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар за 2014/2015 година.
**Изготвува:** ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на општина Демир Хисар

46.Програма за работа на ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван за 2014/2015 година.
**Изготвува:** ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

47.Програма за работа на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2014/2015 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

48.Програма за работа на ДСУ"Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за 2014/2015 година.
**Изготвува:** ДСУ"Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

49.Програма за работа на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2014/2015 година.
**Изготвува**:ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

50. Програма за зимско одржување на патиштата и улиците за 2014/2015 година.
**Изготвува**:Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува**:Комисија за јавни комунални дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

***ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ-IV Тромесечие***

51.План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2015 година
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

52. Шестмесечен Извештај за состојбата со деловниот и стамбениот простор со кој стопанисува општина Демир Хисар даден под закуп за 2014 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

53.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година за III квартал
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

54.Одлука за Ребаланс на буџетот за 2014 година.
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

55. Програма за изработка на УП на Општина Демир Хисар за 2015
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

56.Програма за уредување на градежно земјиште во Демир Хисар за 2015 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

57.Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2015 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

58. Програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за 2013.
**Изготвува:** Оддление за инспекциски надзор-инспекторат
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

59.Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

60. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2015 година.
**Изготвува**: Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

61. Програма за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на Здруженија на граѓани и невладини организации за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

62. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравството за 2015 г.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

63. Програма за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата 2015 г.
**Изготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

64. Програма за обележување на значајни годишнини од настани и личности на Општина Демир Хисар во областа на здравството за 2015 г.
**Изготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за обележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија
**Усвојува:** Советот на општината.

65. Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2015 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

66. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

67.Програма за вршење на работата на јавната чистота за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за јавни комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

68. Програмата за дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во Општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

69. Акционен годишен План за активностите на општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

70. Информација за катергоријата на корисниците на социјална помош на подрачјето на општина Демир Хисар за 2014 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР, Центар за социјални грижи
**Разгледува:** Комисија за опшестевни дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

71.Информација за жетвените активности во Демир Хисар за 2013 година.
**Изготвува:** ПЕ за земјоделие Демир Хисар
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

72. Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Разгледува:**Комисија за изготвување на Програмата за работа на Советот
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

73.Буџет на Општина Демир Хисар за 2015 година
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

74.Одлука за извршување на буџетот на Општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

75.Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

76.Одлука за дочек на Нова година-2015
**Изготвува**:Комисија за обележување на празници
**Разгледува**:Комисија за обележување на празници
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите и предлагачите на материјалите кој се должни да го почитуваат утврдените рокови.
Во текот на 2014 година Советот на Општина Демир Хисар ќе разгледува и усвојува и други дополнителни прашања кој ќе произлезат од непосредното работење. Програмата да се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07- 942/4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**26.122013 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Демир Хисар за 2014 година

1.Ја објавувам Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Демир Хисар за 2014 година донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08- 966/4 Општина Демир Хисар
30.12.2013 година Градоначалник
Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.

**142.** Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 ), член 84 од Законот за градежно земјиште (,,Сл.весник на РМ,, бр. 17/11; 53/11 и 144/2012), Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост (,,Сл.весник на РМ,, бр.38/2011и 75/2012), член 43 став 1 точка 17 од Статутот на општина Демир Хисар (,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02 ), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 26.12.2013 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Демир Хисар за 2014 година**

Уредување на градежно земјиште во смисла на овој Закон е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација до градежната парцела.

Планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурата се врши според урбанистички планови, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, а го вршат општините врз основа на Програма за уредување на градежно земјиште. Ова уредување општината го врши преку јавно претпријатие, трговски друштво или друго лице кое има овластување за вршење комунална или јавна услуга согласно Закон.

Како можност при уредување на градежното земјиште не е исклучено и јавното приватно партнерство, почитувајки ги при тоа принципите на транспарентност, јавност и еднаквост на учесниците. Кога уредувањето на земјиштето се врши преку учество на приватен партнер истиот има право на враќање на вложеното на начин на кој ке го договори со општината. Во вакви случаи опремата, објектите и инсталациите преминуваат во сопственост на општината или јавното претпријатие кои склучуваат договор со приватниот инвеститор за условите и начинот на враќање на инвестицијата, пред да започне изградбата на инвестицијата.

Општините при уредување на градежното земјиште, согласно чл.84, точка 5 од Законот за уредување на градежно земјиште, со Решение воспоставуваат односи на присилна комунална службеност заради поставување на инфраструктурен објект.

**Содржина на Програмата за уредување на градежното земјиште :**

1. Простор кој е предмет на уредувањето
2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура
4. Извори за финансирање на Програмата
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата
8. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на техничка документација за градење на инфраструктурни објекти
9. Динамика на извршување на Програмата
10. Објекти на инфраструктура од јавен интерес на РМ и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата согласно со Закон, што ги финансира РМ, односно инвеститорот на кого земјиштето му го оттуѓила РМ

10. Преодни и завршни одредби

**1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО**

Како простор кој е предмет на уредувањето се смета, изградено и неизграденото земјиште на подрачјето на Општината Демир Хисар, утврдено со Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план за вон населено место, Локална урбанистичка документација, проект за инфраструктура и општите акти со кои се уредува изградбата во селата кои немаат урбанистичка документација.

**2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Со овој дел се утврдуваат работите што го сочинуваат обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изработување на Урбанистички планови и Проекти за изградба на комунална инфраструктура.
- Обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотите
- Програмирање на уредувањето

**3. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две подгрупи:

1. Опремување на земјиштето со објекти од основна инфраструктура, предвидени со УП од заедничко користење од локално значење.

Опремување на земјиштето со објекти од заедничко користење опфаќа:
* основни градски сообраќајници (магистрални и собирни, тротоари и пешачки површини и, зеленило).
* генерални водови за довод на вода до населбите, филтерски станици и други водоснабдителни објекти
* генерални водови за одвод на отпадни и атмосферски води, пречистителни станици и други хидротехнички објекти
* електрична мрежа и трафостаници до 10кв
* ТФ мрежа

2. Опремување на земјиштето со објекти од секундарна инфраструктура, опфатени со ДУП, УПС, УПВНС и ЛУПД од индивидуално користење на објектите од локално значење.

Опремување на земјиштето со објекти од индивидуално користење опфаќа:
*Сообраќајници (сервисни, станбени, и индустриски улици, како и некатегоризитаните сообраќајни површини: пристапни улици, пешачки улици и патеки и јавни паркиралишта)
* Атмосферска и фекална канлизација
* Водоводна мрежа
* Електрична нисконапонска мрежа и улично осветление

Средствата за проектирање и изградба на објектите од точка 3.1.и 3.2. се обезбедуваат од сопствени извори, од трансфери од централна власт, домашни и странски донации, самопридонеси и други извори на средства.

* Уредување на локацијата спрема изготвениот проект, пристапите во објектот од улица до влезовите во објектот, партерно уредување, приклучоците на објектот до приклучните места на секундарната мрежа: водовод, канализација, ел.мрежа, паѓаат на терет на градителот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат во негова сопственост.

Доколку има претходно изградени инсталации во склоп на градежната парцела на која е изградена градбата и е потребно нивно изместување или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на градителот.

За новоформираните парцели трошоците за изместување на инсталациите паѓаат на товар на носителот на правото за уредување на градежното земјиште.

**4. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Уредувањето на градежното земјиШте се финансира од средства остварени од надоместоците за уредување и од други средства.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште претставува износ кој што корисникот на земјиштето, односно градителот го плаќа пред да добие одобрение за градење.

Од средствата остварени од надоместокот за уредување на градежното земјиште и од други средства утврдени со Програмата за уредување на грдаежното земјиште се финансираат подготвителни работи, расчистување и опремување на грдаежното земјиште, а во согласност со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2014 година се финансира преку следните извори на средства:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на станбени, јавни, деловни, производни објекти и | **2.000.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | вклопување на бесправно изградени објекти | |
| 2. | Комунална такса за јавно осветлување - дел | **6.500.000,00** |
| 3. | Комунална такса за користење на улици при регистрација на возила | - |
| 4. | Надомест од комунална дејност - прекопи | - |
| 5. | Дозволи за вршење на бизнис | - |
| 6. | Трансфер од буџет на фондови | **10.000.000,00** |
| 7. | Капитални трансфери до други нивоа на власта | **3.120.000,00** |
| 8. | Комунална такса за користење на простор пред деловни објекти | - |
| 9. | Комунална такса за реклами, објави, огласи | - |
| 10. | Комунална такса за користење на музика во локали | - |
| 11. | Комунална такса за привремен престој | - |
| 12. | Комунална такса за истакнување на фирми и реклами | - |
| 13. | Комунална такса за користење на плоштади | - |
| 14. | Други комунални такси | - |
| 15. | Данок на имот | - |
| | | |
| 16. | Надомест за концесии | **3.700.000,00** |

**Вкупно приходи: 25.300.000,00**

**5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Во 2014 година со оваа Програма ќе бидат опфатени повеќе локалитети во градот и тоа:

- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години
- локалитети на кои се отпочнало со градба во 2013 година
- локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објекти кои ќе се градат во наредните години

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на средствата, во обем и степен предвиден со оваа програма преку следните подпрограми:

**J3 – Јавно осветлување**
**J4 - Чистење на диви депонии, речни корита и канали**
**J6 – Одржување и заштита на локални патишта и улици**
**J8 – Други комунални услуги**
**JA – Изградба на јавно осветлување**
**JД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**
**JГ – Изградба, реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување**
**JИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**
**JФ – Сообраќајна сигнализација**

**JN – Урбана опрема**

**LA – Детски игралишата**

**Ф1 – Урбанистичко планирање**
**ГА – Изработка на комерцијални објкти**

**J3 – ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Материјали за улично осветлување, одржување, работна рака и изградба | 400.000,00 |
| 2. | Електрична енергија | 3.500.000,00 |
| | вкупно: | **3.900,000,00** |

**J4 - Чистење на диви депонии, речни корита и канали— 400.000,00**

**J6 Одржување и заштита на локални патишта и улици**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на локални патишта и улици | 600.000,00 |
| 2. | Одржување на дуги градби | 90.000,00 |
| 3. | Анализа на состојбата на улична и патна инфраструктура | 10.000,00 |
| | вкупно: | **700.000,00** |

**J8 - Други комунални услуги -----------400.000,00**

**JA - ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на техничка документација со ревизија | 150.000,00 |
| | Проширување на мрежа | 1.090.000,00 |
| | Вкупно: | 1.240.000,00 |

**JД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улици:<br>-Улица во с.Слепче | **1.000.000,00** |
| 2. | Реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици:<br>-с.Слоештица<br>- с.Сопотница<br>- с.Кутретино-с.Суводол<br>- ул.„29ти Ноември“ Демир Хисар<br>- ул.„Паризанска“<br>- улица пред Здравствен дом | **6.000.000,00** |
| 3. | Изградба на тротоари, паркинзи, плоштади и други пешачки површини:<br>**Паркинзи:**<br>-над ПЕ Министерство за земјоделие<br>-ветеринарна станица<br>-над локација за соборниот храм<br>**Тротоари**<br>-од амбуланта до раскрсница со с.Кутретино-Суводол<br>-од авобуска станица до „Маит“ | **1.000.000,00** |
| 4. | Мостови –санација<br>-во с.Журче<br>-во с.Мренога<br>-во с. Сопотница<br>-во с.Суводол<br>-во с.Единаковци | 600.000,00 |
| 5. | Изработка на техничка документација | 300.000,00 |
| 6. | Надзор над изградбата | **100.000,00** |
| | вкупно: | **9.000.000,00** |

**ЈГ – ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на техничка документација за водоснабдување: | 100.000,00 |
| | | |
| 2. | Реконструкција на водоводни системи:<br>-с.Стругово<br>-с.Слепче<br>- пумпи во с.Граиште и Демир Хисар (Средства од ЕИБ) | 4,000,000, 00 |
| 3 | Надзор над изградбата | 50.000,00 |
| | вкупно: | **4.150.000, 00** |

**ЈИ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | -Изградба на канализации, :<br>- канализации- според листа на одобрени проекти од Советот на општината<br>- с.Слоештица<br>- с.Единаковци<br>- с. Белче<br><br>(речни корита ????) | Средства од Европска инвестициона банка-ЕИБ |
| 2. | Реконструкција на канал 1-ви Мај | 600.000,00 |
| 2. | Изработка на техничка документација | 160.000,00 |
| 3. | Надзор над изградбата | 100.000, 00 |
| | вкупно: | **860.000,00** |

**ЈФ - Сообраќајна сигнализација**
**( Кутретино-Суводол, Сопотница и др) 300.000,00**
**ЈН - Урбана опрема------------------------- 600.000,00**

**ЛА - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на техничка документација: | 200.000,00 |
| 2. | Изградба на детски и спортски игралишта: с.Сопотница (кај училиштето) | 1.000.000,00 |
| | вкупно: | **1.200.000,00** |

**F1 - УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на урбанистичка документација | 800,000,00 |
| 2. | Стручна ревизија на урб,. документација | 200,000,00 |
| | вкупно: | **1.000.000,00** |

**ГА - Изградба на комерцијални објекти**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на техничка документација со ревизија | 50,000,00 |
| 2. | Реконструкција на градскиот пазар | 1,500,000,00 |
| | вкупно: | **1.550.000,00** |

**РЕКАПИТУЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИТЕ ПО ПРОГРАМИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Ј3 - Јавно осветлување** | **3.900.000,00** |
| 2 | **Ј4 - Чистење на диви депонии,речни корита и канали** | **400,000,00** |
| 3. | **Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** | **700.000,00** |
| 4. | **Ј8 - Други комунални услуги** | **400.000,00** |
| 5. | **ЈА - Изградба на јавно осветление** | **1.240.000,00** |
| | | |
| 6. | **ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | **9.000.000,00** |
| 7. | **ЈГ - Изградба, реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување** | **4.150.000,00** |
| 8. | **ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **860.000,00** |
| 9. | **ЈФ - Сообраќајна сигнализација** | **300.000,00** |
| 10. | **ЈН - Урбана опрема** | **600.000,00** |
| 11. | **ЛА - Спорт и рекреација** | **1.200.000,00** |
| 12. | **Ф1 - Урбанистичко планирање** | **1.000.000,00** |
| 13. | **ГА-Изградба на комерцијални објекти** | 1.550.000,00 |
| | **вкупно:** | **25.300.000,00** |

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

| | |
|---|---|
| **Вкупно приходи** | **25.300.000,00** |
| **Вкупно расходи** | **25.300.000,00** |

Во финансирањето на реализацијата на задачите наведени во глава 5. ќе учествуваат и субјектите (ЈКП "Комуналец") што стопанисуваат со објектите од инфраструктурата, покрај учеството во делот за реконструкција на објектите од комунална инфраструктура, инвестиционо одржувањер на истите, и во идна изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот недоместок за уредување на градежно земјиште не е доволен за локалитетите каде не е изградена инфраструктурната мрежа. При тоа субјектите кои стопанисуваат со објектите од инфраструктурата добиваат нови корисници на нивните услуги.

**6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба**

Појдовна големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програма за уредување на градежно земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се врши по 1м$^2$ нето корисна површина според важечките нормативи согласно член 4 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост („Сл.весник на РМ„ бр.38/2011 и дополнување, Сл. весник бр. 75/2012).

**Не се плаќа надомест** за уредување на градежно земјиште за објекти кои претрпеле штети од елементарни непогоди (пожари, поплави, снегови, земјотреси и сл.) до висина на нето површината на оштетениот објект, објекти на Месна самоуправа, објекти на Локална самоуправа, објекти кои ќе се градат од средства за уредување на градежното земјиште и објекти ослободени со одлука на Советот на Општината Демир Хисар.

Јавните претпријатија кои вршат комунални дејности на подрачјето на Општина Демир Хисар, плаќаат за уредување на градежното земјиште во висина од 30% од вредноста на објектите од комуналната инфраструктура што се градат, а се од нивна надлежност.

Плаќањето од 30% се користи за уредување на градежно земјиште, а се уплаќа на сметка на Буџет на општина.

По иницијатива на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со месен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште, населението ќе учествува со 50% од вредноста на комуналните објекти и инсталации.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост и главен проект заверен од Општина Демир Хисар, се уредуваат со Договор склучен помеѓу градителот и Градоначалникот на општината.

Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува Градоначалникот на Општината.

Ако инвеститорот не сака да склучи Договор, а користи макар и делумно уредено земјиште, плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши по сила на Закон и оваа програма, по судски пат, а надлежен е Основниот суд во Битола.

До колку при изградбата градителите отстапуваат од техничката документација во рамките на површината за градба и се здобиле со нова станбена или деловна површина, должни се да платат соодветна разлика.

Истата се уредува со Анекс договор за уредување на градежно земјиште за ново изградената површина според уврдениот надоместок во моментот на

плаќањето, а по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

Согласно чл. 20 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти се плаќа надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

До колку вкупниот просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци, по посебен трошковник, за уредувањето на локацијата и на соодветниот дел од поширокота локација што ќе се регулира со анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, градителот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено со објекти на комунална инфраструктура инвеститорот не плаќа надоместок за уредување, а може да го уреди градежното земјиште на свој трошок, со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување.( Согласно чл. 86 став 1 од Законот за градежно земјиште)

### 6.1. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебни пресметки за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објектот во зависност од намената и зоната во која што објектот ќе се гради.

**Границите на зоните** за наплата на надоместокот на градежното земјиште утврдени се со посебна Одлука за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Демир Хисар.

**Надомест според зони:**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Станбени објекти - семејни куќи и станбени структури**<br>- I зона<br>- II зона<br>- III зона /села:<br>- IV зона /села: | 15 €/м²<br>10 €/м²<br>3 €/м²<br>1 €/м² |
| **2.** | **Административно - деловни објекти**<br>- I зона<br>- II зона<br>- III зона /села:<br>- IV зона /села: | **18 €/м²**<br>**12 €/м²**<br>**6 €/м²**<br>**2 €/м²** |
| **3.** | **Индустриски објекти, производни погони**<br>- I зона<br>- II зона<br>- **III зона /села:**<br>- IV зона /села: | 20 €/м²<br>13 €/м²<br>**7 €/м²**<br>2 €/м² |
| **4.** | **Објекти од јавен карактер**<br>- I зона<br>- II зона<br>- III зона /села:<br>- IV зона /села: | 10 €/м2<br>7 €/м2<br>3 €/м2<br>1 €/м2 |

**Коефициенти за пресметување:**

| | | |
|---|---|---|
| | **1. За станбени објекти**<br>- Станбени простории - ---------1,0<br>- Станб. простории со Н(висина) до 2,5 м[1] (подпокривен простор)--------0,2<br>- Логија затворена од три страни----0,4<br>- подлоѓија затворена од две страни----0,3<br>- балкони,тераси--------0,2<br>- заеднички проодни тераси, пасажи----0,2<br>- Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба-----------0,3<br>- трафостаница од 35Кв во објектот и надвор од објектот--------0,3<br>- скалишен простор и заеднички комуникации----0,3<br>- стражарници, управител, простории за домар---0,5<br>- паркиралишта и | |

| | | |
|---|---|---|
| | гаражи------0,1<br>**2. За деловни, јавни и производни објекти**<br>- простории----1,0<br>- магацини----0,5<br>- помошни простории, остава за гориво, котлара---0,3<br>- трафостаница до 35Кв во објект и надвор од објект--0,4<br>- скалишен простор и заеднички комуникации---0,5<br>- паркиралишта и гаражи---0,1<br>- лоѓија затворена од од три страни---0,5<br>- подлоѓија затворена од две страни--0,3<br>- балкони, тераси----0,4<br>- отворен наткриен простор----0,3<br>**3. За други објекти**<br>**-** катни гаражи---0,05<br>- спортски покриени објекти---0,5<br>- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата---1,0<br>- отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата----1,0<br>базени---0,2<br>трафостаници над 35Кв -----1,0<br>4. **За објектите од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси**:<br>- Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05<br>- Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,05<br>- Г3 сервиси, 0,05<br>- Г4 стоваришта, 0,05<br>5. **За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини(** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **продавници, кафетерии и ресторани, автосервиси, автосалони, помошни простории):**<br>- продажни простории на бензиските пумпни станици, 1,0<br>- услужни простории на бензиските пумпни станици, 1,0<br>6. **За објектите од група на класи на намени Б5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класи на намени А4 хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:**<br>- сите простории, 0,05. | |

Износите ќе се плаќаат во денарска противвредност на денот на наплатата по средниот курс на НБ на РМ.

Плаќањето може да се врши на рати со што одобрението за градба ќе се добие после целосно исплатен надоместок за уредување на градежно земјиште. Градителот може да отпочне со градба по добивање на одобрението за градење.

**6.2. РАСПОРЕД НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфраструктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште ориентационо изнесува :

- Објекти и инсталации од заедничко користење 30%, кој е обавезен за пресметување и наплата без обзир на степенот на уредување на предметната парцела; и
- Објекти и инсталации од индивидуално користење 70%, од кои за :
  - фекална канализација 23%
  - атмосферска канализација 30%
  - водовод 6%
  - ниско напонска мрежа (без трафостаница) 5%
  - коловоз асфалтен 27%

- тророари 9%

Конкретното распоредување на надоместокот за уредување ќе се определува посебно (имајки ја во предвид горната табела) за секоја локација или комплекс на објекти, а посебно во зависност од тоа какви комунални објекти се изградени или таквите се градат.

Овој распоред или надоместок за уредување на градежното земјиште се однесува за надоместокот што е платен од претходни години.

Сопственикот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветно комунално претпријатие.

До колку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие Општината ќе склучи Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

**6.3 НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕТХОДНИ РАБОТИ ВО УРЕДУВАЊЕТО**

Инвеститорите на комуналните објекти и инсталации: улици, канализации, водоводи, електромрежа, ТТ мрежа и други видови објекти и инсталации на кои не се засметува надоместок за уредување на градежно земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

- до 100.000ден ............................1%
- од 100.000ден до 500.000ден .....0.6% **но не помалку од 1.000ден.**
- од 500.000ден до 1.000.000ден ......0.5% но не помалку од 3.000ден

од 1.000.000ден до 5.000.000ден ..... 0.3% но не помалку од 5.000ден

над 5.000.000ден ...... 0.2%

Градителите на градежни работи и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации, работи за кои не се засметува надоместок за уредување на градежно земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежнозанатските работи, но не помалку од 1.000ден.

Од обврска за плаќање на надоместокот за претходни работи во комуналното уредување ослободени се градителите на објекти кои се градат со средства на солидарност, смопридонеси и објекти кои се градат од средствата за уредување на градежното земјиште.

Уплаќањето се врши пред издавањето на одобрение за градење.

**6.4. НАДОМЕСТОК ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА**

Градителите на станбени објекти, јавни, деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи и сл. кои се градат во урбаното подрачје на населените места во Општина Демир Хисар, освен градот Демир Хисар, ќе плаќаат надоместок за подготвителни работи во уредувањето на градежното земјиште во зависност од класификацијата на населените места по зони.

Овие градители сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација /парцелата/ и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

6.5. Надоместок за објекти надвор од подрачјето утврдено

со урбанистички план (ГУП, ДУП, УПС)

Градителите на јавни, деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи, полски куќи и сл. кои се градат на територијата на Општина Демир Хисар, надвор од урбаното подрачје на населените места, а согласно Урбанистички план за вон населено место (УПВНС) или Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД), подлежат на плаќање надоместок за уредување на земјиштето во висина од средствата за подготвителни работи за уредување на земјиштето, како и опремување на земјиштето со објекти и инсталации од заедничко користење, односно уредување на просторот.

Овој надоместок се определува во зависност од класификацијата на населените места /атари/ по зони.

Овие градители сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација /парцелата/ и си обезбедуваат проклучок на комуналните инсталации.

До колку не постојат претходно изградени работи градителите се ослободуваат од плаќање на надомест за комунално уредување на земјиштето.

**6.6 ОПШТИ УСЛОВИ ВО УРЕДУВАЊЕТО**

Надомест за уредување на градежно земјиште се пресметува врз основа на нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со коефициентите дадени во табела 1.

Во корисна површина не се пресметува површината на ѕидови и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна на лифтови, скали, ниши на врати и отворени паркиралишта.

Ако заради изградба е потребно градителот да отстрани порано изградена градба или нејзини делови, а се наоѓаат во рамките на површината за градба, должен е тоа да го стори по конечноста на одобрението за градење.

Ако градбата која треба да се отстрани се наоѓа надвор од површината за градба, а во рамките на градежната парцела, градителот е должен да ја отстрани најдоцна до издавањето на одобрението за употреба.

Ако новиот објект не зафаќа површина од стариот објект кој се наоѓа во состав на истата градежна парцела, а стариот објект е предвиден за порушување, пресметката на надоместокот за уредување на градежното земјиште за новиот објект се пресметува 100%, а враќањето на дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште по

овој основ се врши после порушување на стариот објект во рок од 3 години согласно Законот.

Просториите со нето висина **до** 2.5 м (член 4, став 1 точка1 алинеа 2 од Правилникот) се однесуваат само на простории во поткровје, а за површината на просторот во поткровје каде висината е 2.5м и поголема се пресметува со коефициент 1.0.

Во подпокривот може да се искористи само една спратна височина.

Градителите на објектите до колку бараат да добијат ново решение за локациски услови, со кое ќе се здобијат со нов станбен или деловен простор, плаќаат надоместок за уредување на градежно земјиште согласно програмата.

Наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши одеднаш по пресметка и договор за уредување на градежното земјиште.

7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата

За висината на надоместокот на градежното земјиште се склучува Договор за надоместок на уредување на градежно земјиште, во писмена форма директно помеѓу сопственикот (корисникот) на земјиштето од една страна и градоначалникот на општината од друга страна, врз основа на заверена техничка документација и доставени согласности.

8. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на техничка документација за изгардба на инфраструктурни објекти

Општината целосно ја финансира изработката на техничката документација за градење на инфраструктурни објекти предвидени со оваа Програма.

За изработка на техничка документација за изградба на објекти од општоградски карактер, покрај сопствените средства ќе се бараат и донации од домашни и странски донатори.

Финансирањето на изработката на урбанистичките планови ќе се врши од буџетот на општината и од правни и физички лица согласно оваа Програма.

**9. Динамика на извршување на Програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе биде во согласнот со :

- приливот на средства од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства;
- навремено изготвување на урбанистичка и техничка документација
- навремено спроведување на јавните набавки
- опремувањето на земјиштето ќе отпочне од добивањето на одобрение за градење за објекти од комунална инфрструктура и воведувањето на земјиштето во владение.

**10. Преодни и завршни одредби**

1. За спроведувањето на оваа програма е надлежен Градоначалникот на Општина Демир Хисар.
2. Програмата влегува во сила 8-от ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.07- 942/5** | **Совет на Општина Демир Хисар** |
| **26.122013 година** | **Претседател,** |
| **Демир Хисар** | **Ќире Ристевски с.р** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2014 година

1.Ја објавувам Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2014 година донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| Бр. 08- 966/5 | Општина Демир Хисар |
| 30.12.2013 година | Градоначалник |
| Демир Хисар | Љупчо Блажевски с.р. |

143.Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 ), член 43 став 1 точка 21 од Статутот на општина Демир Хисар (,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02 ), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 26.12.2013 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2014 година**

**ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улици:<br>-Улица во с.Слепче | **1.000.000,00** |
| 2. | Реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици:<br>-с.Слоештица<br>- с.Сопотница<br>- с.Кутретино-с.Суводол<br>- ул.„29ти Ноември“ Демир Хисар<br>- ул.„Паризанска“<br>- улица пред Здравствен дом | **6.000.000,00** |
| 3. | Изградба на тротоари, паркинзи, плоштади и други пешачки површини:<br>**Паркинзи:**<br>-над ПЕ Министерство за земјоделие<br>-ветеринарна станица<br>-над локација за соборниот храм<br>**Тротоари**<br>-од амбуланта до раскрсница со с.Кутретино-Суводол<br>-од авобуска станица до „Маит“ | **1.000.000,00** |
| 4. | Мостови –санација<br>-во с.Журче<br>-во с.Мренога<br>-во с. Сопотница<br>-во с.Суводол<br>-во с.Единаковци | **600.000,00** |
| 5. | Изработка на техничка документација | **300.000,00** |
| 6. | Надзор над изградбата | **100.000,00** |
| | вкупно: | **9.000.000,00** |

Предвидените средства ќе се реализираат согласно приливот на средства во буџетот и можат да се користат и за делови од предвидените објекти како и за учество при обезбедување на донаторски средства.

**Бр.07- 942/6 Совет на Општина Демир Хисар**
**26.122013 година Претседател,**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Програмата за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата за 2014 година

1.Ја објавувам Програмата за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата за 2014 година донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08- 966/6 Општина Демир Хисар
30.12.2013 година Градоначалник
Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.

144.Врз основа на член 7 од Законот за култура – пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр.66/2003), а согласно член 43 став 1 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05 и 7/09) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 26.12.2013 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата во 2014 година**

## I. ВОВЕД

По прашањето на културата, културните споменици и манифестации Демир Хисар може да биде една од најпознатите општини во Република Македонија. Самиот факт, дека после Охрид, Демир Хисар е втора општина во Република Македонија со регистрирани над 60 културно – историски споменици, дава посебен придонес во долгорочните програмски императиви за поголема валоризација, како на материјалните, така и на духовните културни вредности на ова подрачје.

Верните поддржувачи на културата, Домот на културата како единствена јавна институција за задоволување на културните потреби на граѓаните, но и потенцијалните организатори на културни манифестации коишто можат да се препознаат и во граѓанскиот сектор, во претстојната година треба да вложат дополнителни напори и да имплементираат нови и проекти изработени и осмислени во духот на новите потреби на граѓаните. Од тоа треба да се очекува побогат и содржински поквалитетен културен живот на граѓаните, но и можност и шанса за привлекување на туристи и гости од другите градови, па и од странство: одржување и подржување на веќе востановените културни манифестации и настани, но и осмислување, воведување и традиционализирање на нови културни перформанси: карневали, маскенбали, еснафски и верски забави, културни настани за припадници на сите генерации. За културниот развој на општината, односно градот Демир Хисар особено е важно осмислувањето и валоризирањето на идеи за организирање на таканаречени масовни годишни манифестации што ќе бидат од посебно значење за културниот развој на градот, но и создавање на препознатлив и специфичен културен имиџ.

Свеста и потребата од создавање на препознатливи културни посебности на општината и градот Демир Хисар и за поширока промоција и афирмација на богато културно наследство, треба посебно да бидат обврзувачки за локалните институции од областа на културата и јавните дејности, како и формалните и неформалните граѓанскиу групи до областа на културата, а со поддршка на општината, управните органи во јавните претпријатија и установи во адекватното планирање на активностите во културата, но и во смисла на демонстрирање на поголема општествена одговорност – финансиска и логистичка поддршка. Како општоприфатлива треба да се прифати и оценката, дека планирањето на годишните програми за создавање подобри и поповолни услови и претпоставки за негување и унапредување на различните културни содржини, всушност треба да подразбира приближување кон принципот на водење на **активна политика во планирањето на културата во којашто активно ќе бидат вклучени сите релевантни рецепиенти.**

Годишната програма ќе биде насочена во креирање, поттикнување и поддржување на проекти кои ќе бидат во функција на промоција на Демир Хисар како посакувано целогодишно културно, а со тоа и потенцијално туристичко одредиште.

## II. ЦЕЛИ

Основната определба во Програмата за култура за 2014 година е остварувањето на локалниот интерес во оваа сфера и начелото дека секој граѓанин треба да има достапност до културните вредности и нивното масовно користење, во согласност со буџетските можности за реализација на предвидените културни настани и активности кои се од јавен локален интерес.

Основни цели на програмата се:

- поддршка на културата преку обезбедување активен однос на општината во задоволувањето на културните и забавните потреби и интереси на граѓаните;
- поттикнување и поддршка на на организирање на традиционални манифестации;
- заштита на културно – историското наследство;
- поттикнување на музичкото и ликовното творештво;
- промовирање, поттикнување и поддршка на културниот аматеризам;
- капитални вложувања во одржување на верски објекти, објекти од културата и историски објекти;
- заштита и афирмација на материјалното и духовното културно наследство во општината;
- заштита и афирмација на културниот идентитет на општината;
- помовирање и афирмирање на творци, изведувачи, промотори и интерпретатори на културата и културните вредности и цености;

## III. АКТИВНОСТИ

Годишната Програма за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата во 2014 година треба да обезбеди остварување на нејзините, а врз оснава на долгорочните определни и активности на сите учесници во нејзината реализација. За таа цел во 2014 година, генерално, активностите ќе бидат концентрирани во насока на:

- Обезбедување континуитет на манифестациите што се одржувале изминатите години;
- Креирање, иницирање и востановување нови манифестации и имплементирање на нови проекти што го подобрат квалитето на културното живеење на граѓаните и што ќе обезбедат посебен и препознатлив белег на општината;
- Општината, Домот на културата и другите институции од поширокиот контекст на културата, во континуитет и во рамките на институционалните, финансиските, материјалните и техничките можности, во континуитет да се стремат да обезбедуваат услови за развој на културните вредности, меѓународната културна размена и соработка со релевантни меѓународни и домашни организации, асоцијации и фондации кои се декларирани и потврдени помагатели и поддржувачи на културата;
- Проактивен, нагласен, и одговорен однос на надлежните локални институции од областа на културата во воспоставувањето, негувањето и поттикнувањето на нови форми на културна соработка со локалната заедница во смисла на задоволување на нејзините културни, уметничк,и и забавни потреби.

## IV. ДЕЈНОСТИ

Со темелно утврдените потреби од културни дејности на Општина Демир Хисар, се утврдува програма од посебно значење за општината во 2014 – та година и тоа:

### 1. КУЛТУРЕН АМАТЕРИЗАМ

– со оглед на постигнатото високо ниво на аматеризмот во Демир Хисар во изминатиот период во областа на културните дејности, во рамките на можностите, и во оваа година посветено ќе се работи на негово поттикнување преку систематска и континуирана работа со младите генерации проследено и поддржано со квалитетна педагошка работа и надзор. Предвидените финансиски средства за оваа намена ќе ги следат програмите од основната дејност на постоечкото културно – уметничко друштво и другите секции што делуваат во скопот на Домот на културата, како и други здруженија од оваа дејност преку кофинансирање на основни материјални и други институционални трошоци, како и финансирање на посебни програми на граѓански здруженија од областа на културата во општината.

### 2. МУЗИЧКО – СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ

Во 2014 година ќе се организираа музичко – сценски претстави на отворена сцена во градскиот парк и на градскиот плоштад „Осми септември“, во поголемите населени места, ќе се институционализира (избор на менаџерски, управен и уметнички одбор) и ќе се возобнови локалниот регионален музички фестивал „Бигла – фест“, ќе се организира гостување на познати и афирмирани национални уметнички ансамбли од областа на музиката, фолклорот, театарот, ќе се поддржи дисперзија на културни настани и содржини во активните манастирски комплекси, гостување на професионални театарски анасамбли за деца и возрастни во Домот на културата, Детската градинка и училиштата.

### 3. ИЗЛОЖБЕНО – ГАЛЕРИЈСКА ДЕЈНОСТ

Ќе се поставуваат ликовни и други изложби во Домот на културата (фоајето и библиотеката), училиштата, зградата на општината и други јавни институции што располагаат со соодветен простор, во организација на општината, Домот на културата, училиштата, Психијатриската болница, Детската градинка, како и ликовни и други здруженија од областа на културата.

### 4. БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ

Со Буџетот на општината ќе се обезбедат финансиски средства за подобрување на условите за работа во градската библиотека „Петре М. Андреевски“ и училишните библиотеки, за набавка на книги, за организирање на тематски ликовни изложби на книги и други изданија, тематски работилници за деца и возрасни читатели при одбележувањето на пригодни датуми и годишнини, организирање на литературни средби, како и програми по повод Денот на општината и други општински манифестации и Роднокрајната средба на писателите од Демир Хисар.

### 5. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО – ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Со средствата што ќе се обезбедат во Буџетот за 2014 година ќе се изработи проектна документација за реновирање на станбенио - деловниот простор во зградата „амболанта“ во Смилево, во апартмански простор во функција на поттикнување и поддршка на руралниот историски туризам и поширока промоција и афомрација на културно – историското

наследство и значење на Смилево. Ќе се реновира илуминацијата околу споменикот на Демирхисарските револуционери во градскиот парк, а во с. Велмевци ќе се изгради пристапна бекатон патека до местоста „Црешна“, местото каде што се погребани Јордан Пиперката и тројца негови соборци од с. Бабино и с. Церско, изработка на проектна документација за утврдување локации за поставување споменици на Даме Груев  и Јордан Пиперката, како и бисти на истакнати современици со демирхисарско потекло.

6.

**МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ**

Ќе се обезбеди институционална и основна материјална поддршка за отворање на етнолошка збирка во зградата на Домот на културата.

**7. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Ќе се продолжи со издавање на печатена верзија на месечниот Електронскиот билтен. Со буџетот за 2014 година ќе се предвидат пари за зголемување на тиражот и издавање во печатарска техника. На крајот од секоја календарска година ќе се издава годишна брошура за активностите и сработеното на советот и градоначалникот на општината. Ќе се поддржат програмските дејности на литературниот клуб „Изгрев“ што делува во склопот на Домот на културата, како и издавачки проекти на здруженија и поединечни поетско – прозни, публицистички, научни и други литературни родови и трудови на општински автори, и сл.

Ќе се финансира издавањето на Зборник на научни трудови на учесниците на I – та Регионална научна трибина „Брсјачка буна 2013“.

**8. МАНИФЕСТАЦИСКА ДЕЈНОСТ**

Со финансиска поддршка на Буџетот за 2014 година ќе се организира II –та Регионална научна трибина „Брсјачка буна, Брсјачко востание, Демирхисарски заговор“., Роднокрајната средба на демирхисарските поети и писатели, разни предавања, трибини, тркалезни маси, Средба со учесници на СВП, Проект: Културно – научна манифестација „6 дена Смилевски конгрес“

**9. ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ**

Средствата предвидени со Буџетот ќе се користат за мала интервентна материјална помош во обезбедување на градежен материјал за санирање на помали оштетувања на верските објекти врз основа на приложена валидна техничка документација за предвидените зафати обезбедена од релевантна и овластена верска или државна институција.

Средствата за реализација на оваа програма од точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Демир Хисар, а врз основа на  договор и одлука на градоначалникот, на носителите ќе ги распоредува посебно управно тело.

Табеларниот проказ се наоѓа во продолжение и е составен дел на оваа програма.

| Р бр | АКТИВНОСТИ | РОК | НОСИТЕЛ | ПАРИ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|
| **КУЛТУРЕН АМАТЕРИЗАМ** | | | | | |
| 1. | -Регионален фестивал на интерпретатори на македонски комитско – револуционерни и битови песни „БИГЛА – ФЕСТ“ | / | Дом на културата | 100.000 | / |
| | Финансиска поддршка за учество на КУД „Илинден“ на меѓународни фолклорни манифестации | Цела година | Дом на културата | 100.000 | / |
| | Кофинансирање на на основни материјални и други институционални трошоци, како и финансирање на посебни програми и проекти за граѓански здруженија од областа на културниот аматеризам | | Општина Демир Хисар | 30.000 | |
| **ИЗЛОЖБЕНО – ГАЛЕРИСКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 2. | Поставување на постојана изложба на книги - дела од роднокрајни автори | Цела година | Дом на културата | 10.000 | / |
| **ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 3. | -Издавање на Зборник на научнин трудови од учениците на научната трибина „Брсјалка буна“<br>- Финансиска поддршка на издавачки проекти на литаратурниот клуб „Изгрев“<br>- издавање на месечен билтен на општината;<br>- Издавање на годишна брошура за работата на советот и градоначалникот;<br>- Издавање на промотивен, рекламен материјал за општината;<br>- Изработка и издавање на ЦД ром за туристичките потенцијали на општината и соодветна медиумска афирмација и промоција;<br>- финансиска поддршка на публицистички и други монографски и литературни изданија на здруженија, невладини рганизации и поединци и др. | Цела година | Дом на културата | 300.000 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **МУЗИЧКО - СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 4. | Гостување на познати уметници и ансамбли од РМ и странство во Демир Хисар | Цела година | Дом на културата | 50.000 | / |
| **ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО - ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО** | | | | | |
| 5. | -Заштита и одржување на спомениците на културата | Цела година | Општина Демир Хисар, невладини организации, здруженија и сл. | 60.000 | / |
| | -Поддршка на иницијативи за обновување на заедничко одбележување на традиционалните и верските ообичаи и празници | | Дом на културата и невладини организации | 10.000 | / |
| | - Финансиска поддршка на КУД „Илинден“ за набавка на носии и друга опрема | | Дом на културата | 50.000 | / |
| | ВЕЛИГДЕН | Крајот на април 2014 | Дом на културата | 60.000 | |
| | ИВАНДЕН | 07.07.2014 | Дом на културата | 12.000 | / |
| **МАНИФЕСТАЦИСКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 6. | Одбележување на Денот на сесловенските просветители - 1151 ГОДИНА ОД МОРАВСКАТА МИСИЈА НА СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ | 24.05.2014 | Дом на културата, основни и Средно училиште | 6.000 | / |
| | Ден на домовите на културата | / | Дом на културата | 20.000 | |
| | ДЕН НА ПРОЛЕТТА | 21.03.2013 | Општина Демир Хисар – Општински Оперативно – координативен одбор | 12.000 | / |
| | Ден на маските и шегата (Априлијада) | 01.04.2014 | Детска градинка, основни училишта и Дом на културата | 6.000 | / |
| | Бабински средби | | Невладини организации | 6.000 | / |
| | Илински средби | 02.08.2014 | | 6.000 | / |
| | Брезовски средби | 02.08.2014 | | 6.000 | / |
| | Боишки средби | 02.08.2014 | | 6.000 | / |
| | МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ | 03.12.2014 | Центар „Порака“ | 6.000 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | **БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ** | Цела година | Дом на културата, училишта и градинка | 12.000 | / |
| 8. | **МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ** | | Дом на културата | 6.000 | / |
| 9. | **ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ** | | Општина Демир Хисар | 30.000 | / |
| **ВКУПНО** | | | | **904.000** | / |

V. **ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите предвидени со оваа Програма за јавните потреби во културата на Општина Демир Хисар во 2014 година ќе се финансираат со средствата предвидени во Буџетот на општината Демир Хисар за 2014 година.

Дополнителни средства можат да се обезбедуваат од спонзорства и донации на јавни и приватни компании и физички лица – во финансиска или материјална и друг вид помош.

Општината Демир Хисар ќе обезбеди и друг вид поддршка за организаторите и реализаторите при обезбедувањето на дополнителна финансиска поддршка од:

- владата на РМ;
- јавни и приватни компании, здруженија, финансиски институции, фондации, и други паравни и физички лица и др., а на база на меѓусебен договор или меморандум за соработка.

Средства од Програмата за култура во општина Демир Хисар за 2014 година да се трансферираат на корисниците само врз основа на поднесени барања со конкретни активности за кои ќе се оцени дека ќе придонесат за развојот на културата, за квалитетот и содржината на културните манифестации во општина Демир Хисар.

Програмата за култура во општина Демир Хисар за 2014 година ќе се реализира согласно извршувањето на Буџетот на општина Демир Хисар за 2014 година.

Општина Демир Хисар ќе обезбеди и други форми на конкретна и непосредна помош во реализацијата на културните содржини преку:

- обезбедување на стручна, техничка и поддршка во човечки ресурси и опрема;
- обезбедување на сместувачки услуги за учесници од пооддалечени места;
- транспорт на учесници во кулурно – уметничка програма до и од помалку оддалечени места;
- протоколарни средби и приеми со претставници на општината

Сите предвидени активности со оваа Програма ќе се финансираат во износи што ќе зависат од можностите на Буџетот на општината.

**VI. ФИНАНСИРАЊЕ**

Јавните потреби дефинирани и утврдени со оваа Програма ќе се финансираат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 во износ од 904 000 денари.

Јавните потреби и проекти дефинирани и утврдени со оваа Програма ќе се финансираат и со средства од спонзорства и донации од трговски трушства, јавни претпријатија, фондации, од други правни и физички лица и други финансиски извори од заинтересирани домашни и меѓународни парнери.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата и следењето на активностите предвидени со оваа Програма ќе се одвиваат преку Комисијата за одбележување на празници и манифестации на Советот на Општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**Бр.07- 942/7** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**26.122013 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — **Ќире Ристевски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Програмата за обележување на значајни годишнини од настани и личности од општина Демир Хисар за 2014 година

1.Ја објавувам Програмата за обележување на значајни годишнини од настани и личности од општина Демир Хисар за 2014 година донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| Бр. 08- 966/7 | Општина Демир Хисар |
| 30.12.2013 година | Градоначалник |
| Демир Хисар | Љупчо Блажевски с.р. |

145.Врз основа на член 7 од Законот за култура –пречистен текст („Службен весник на РМ" бр.66/2003), а согласно член 43 став 1 точка 43 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05 и 7/09) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 26.12.2013 година донесе

**Програма за обележување на значајни годишнини од настани и личности од Општина Демир Хисар за 2014**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на програмата се :

- Подигнување на јавната свест за значењето на настаните и личностите и афирмација на историското минато на општината и историјата на Македонија и Македонскиот народ;
- Зачувување и афирмација на наследеното материјалното и духовното богатство;
- Поттикнување на едукативната компонента и подигнување на свеста кај младите за негување на традициите, побудување на чувства на култен и респектибилен однос спрема важните историски настани и личности и нивно почитување и славење;
- Обезбедување на активен и одговорен однос на Општина Демир Хисар кон значајните настани и личности, како за општината, така и за историските настани и личности од националната историја на Македонскиот народ;
- Обезбедување на активен и одговорен однос на Општина Демир Хисар кон настаните и личностите од национален и интернационален карактер, а од посебно значење за општината;
- Поттикнување, побудување и сензибилизирање на историските настани и личности, како за историскиот идентитет на општината, така и за националниот идентитет;
- Зачувување, афирмирање и негување на културните и историските придобивки и традиции;
- Обезбедување на континуитет на одбележување на значајните настани и личности;
- Унапредување на меѓугенерациската соработка, поголема и помасовна вклученост на младите во организирање свечености, прослави, чествувања, меморијали и други јавно – политички, културни или спортски манифестации;
- Дефинирање на формите, форматите, видот, учесниците, организаторите, покровителствата и масовноста на манифестациите;
- Организирано, планирано, планско и координирано спроведување на сите подготвителни и организациски активности пред и за време на одржувањето на свеченостите;

## II. АКТИВНОСТИ

Општина Демир Хисар ќе обезбеди максимални материјално – технички, финансиски и поддршка во човечки ресурси во одбележувањето на сите значајни годишнини или јубилејни годишнини од настани или личности определени и дефинирани со оваа Програма.
Општина Демир Хисар ќе обезбеди непосредна и конкретна поддршка и помош на организаторите на активностите предвидени со оваа Програма, а за манифестациите што ќе се одржуваат под нејзино покровителство (градоначалникот или Советот), ќе обезбеди целокупна организација.

Општина Демир Хисар ќе поттикнува и поддржува и други манифестации од ваков карактер што не се дел од оваа Програма, а ќе ги иницираат или организираат здруженија, неформални граѓански групи, но по претходно мислење на Комисијата за прослави и празници, а преку присуство на градоначалникот и претседателот на Советот или нивни овластени претставници;

Општина Демир Хисар ќе остварува непосредна и продуктивна соработка со асоцијации, организации и фондови кои ќе бидат вклучени во реализирацијата, се учесници или помагатели во организацијатата на манифестацијата;

Општина Демир Хисар ќе ги одбележува сите настани и личности од национален и интернационален карактер и значење:

- Одбележување на годишнини или јубилејни годишни од раѓањето или упокојувањето на личности кои оставиле посебен белег и дела за историјата, развојот и напредокот на Општина Демир Хисар;
- Одбележување на годишнини и јубилејни годишнини од значајни настани за историјата на Демир Хисар;
- Одбележување на годишнини и јубилејни годишнини од раѓањето или упокојувањето на важни личности за историјата на РМ;
- Одбележување на годишнини или јубилејни годишнини од значајни настани за историјата на РМ;
- Одбележување на настани утврдени со Законот за празниците во РМ;
- Одбележување на светски настани и личности утврдени со меѓународни конвенции;

Општина Демир Хисар дополнително ќе ги утврди и датумите за одбележување на годишнини, значајни настани и истакнати личности, кои ќе бидат предложени или доставени до Комисијата за Култура на Собранието на Република Македонија како предлози за изготвување на програмата за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2014 година.

Во согласност со оваа Програма, во 2014 година, активностите за одбележување ќе се спроведуваат според следниве календари:

1. **Одбележување на годишнини од раѓање или упокојување на личности што оставиле посебни историски белег, дело и значење за Демир Хисар во сите општествени области и во различни периоди од минатото;**

2. **Одбележување на настани од посебно историско, општествено, културно и друг вид јавно значење за развојот и напредокот на Демир Хисар и Република Македонија во различни периоди од минатото, празнициутврдени со Законот за празниците на РМ и другите празници како и други важни настани од меѓународно значење;**

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНИ ОД РАЃАЊЕ ИЛИ УПОКОЈУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТИ ШТО ОСТАВИЛЕ ПОСЕБНИ ИСТОРИСКИ БЕЛЕГ, ДЕЛО И ЗНАЧЕЊЕ ЗА ДЕМИР ХИСАР ВО СИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ОБЛАСТИ И ВО РАЗЛИЧНИ ПЕРИОДИ ОД МИНАТОТО

| Ред. Бр. | ИМЕ НА ЛИЧНОСТА | ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕЖУ-ВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО -ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛИЧНОСТА ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **ДАМЕ ГРУЕВ** | Роден 19.01.1871<br>**143**<br>**ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО** | 20.01.2014, понеделник | - Историски час во сите училишта<br>- Организирана посета на с. Русиново, местото каде што е убиен Даме Груев;<br>- Покренување иницијатива за збратимување на Смилево и Русиново; | - Дом на културата<br>- Општина Демир Хисар | Општина Демир Хисар, ООУ „Даме Груев“ Смилево, Здружение „Даме Груев“ Битола, и другите основни и Средното училиште | / | 10.000 | **Дамјан Јованов Груев** или само Даме Груев (Смилево, 19 јануари, 1871 - Русиново, 23 декември, 1906) бил македонски револуционер, основач и еден од најистакнатите членови на Македонската револуционерна организација. Возвишуван е како апостол и волја на револуционерна Македонија.<br><br>Неговото име го носи централното основно училиште во с. Смилево. |
| | | Загина 23.12.1906<br>**108**<br>**ГОДИНИ ОД ЗАГИНУВАЊЕТО** | 23.12.2013, вторник | - Полагање цвеќе на гробот во Смилево, споменикот на смилевските Илинденци и спомен паркот „Даме Груев“;<br>- Историски час во музејот „Смилево“;<br>- Патронен празник на ОУ „Даме Груев“ – присуство на општинска делегација на одбележувањето на патрониот празник | - Општина Демир Хисар<br>- Дом на културата | ОУ „Даме Груев“ Смилево, МЗ Смилево, Здружение „Даме Груев“ Смилево | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | 5.000 | |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА ЛИЧНОСТА | ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕЖУ-ВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО -ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛИЧНОСТА ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | **ВЕЛЕ МАРКОВ** | Роден 12.02.1870<br>**144**<br>**ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО** | 12.02.2014, среда | - Историски час во сите училишта;<br>- Изложба, промоција, портрет, меморијал или друг пригоден перформанс во Домот на културата | Дом на културата | Основните и Средното училиште | / | / | Роден е во с. Селце, Крушевско.<br>Во март 1901 година влегува во четата на Никола Русински, а од август е крушевски војвода. При борбата кај селото Ракитница на 10/23 јуни 1902 година војводата Веле Марков, како и поголем дел од четниците загинуваат, освен Ѓурчин Наумов - Пљакот и уште тројца четници кои успеале да ја пробијат турската заседа.<br>Гробот на Веле Марков и неговите соборци е во с. Ракитница. |
| | | Загина 10.06.1902<br>**112**<br>**ГОДИНИ ОД ЗАГИНУВАЊЕТО** | 10.06.2014, вторник | - Полагање цвеќе на споменикот во „Пашоски“;<br>- Полагање цвеќе на гробот во Ракитница;<br>- Панихида и историски час на гробот во Ракитница | Општина Демир Хисар | Дом на културата, ООУ „Гоце Делчев“ и „Браќа Миладиновци“ и СОУ “Крсте Мисирков“ | | 3.000 | |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА ЛИЧНОСТА | ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕЖУВА-ЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ – ОРГАНИЗА-ТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО -ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛИЧНОСТА ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | **ЈОРДАН ПИПЕРКАТА** | Роден 23.06.1870<br>**144**<br>**ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО** | 23.06.2014, понеделник | - Организирана посета на ученици од сите општински училишта на гробовите на Ј. Пиперката и неговите соборци и споменикот во с. Велмевци (полагање цвеќе и историски час)<br>- Полагање цвеќе на споменикот на ООУ „Миладиновци“ с. Жван од страна на учениците и наставниците;<br>- Организирана посета од страна на официјална општинска делегација на селото Козица, родното место на Јордан Пиперката | Основните и Средното училиште и Општина Демир Хисар | Општина Демир Хисар | / | **20.000** | **Јордан Пиперката**<br><br>(23 јуни 1870, во Козица, кичевско – 10 август 1903) бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, член и војвода на Македонската револуционерна организација.<br><br>Бил одличен стратег, надарен од природата и вооружен со умствени дарби, иако неук, Јордан станал страв и трепет за турските власти. Во 1901 година бил комита во четата на Никола Русински, а истата година бил наименуван за војвода на Демирхисарскиот реон. |
| | | Загина 10.08.1903<br>**111**<br>**ГОДИНИ ОД ЗАГИНУВАЊЕТО** | 08.08.2014, петок | - Полагање цвеќе на споменикот во училишниот двор во Жван;<br><br>- Посета на с. Брезово и полагање цвеќе на спомен плочата на куќата каде што бил опколен Војводата;<br><br>- Чествување на споменикот и гробовите на Јордан Пиперката и неговите соборци на месноста Црешна кај с. Велмевци (полагање цвеќе, панихида, историски час) | Општина Демир Хисар | Дом на културата, ООУ „Браќа Миладиновци“ и местната заедница Велмевци | Градоначалникот и Советот на О. Д. Хисар | 5.000 | |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА ЛИЧНОСТА | ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО -ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛИЧНОСТА ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **АЛЕКСО СТЕФАНОВ СИМОНОВСКИ** | Роден 1869<br>**145 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО**<br><br>Умрел 12.07.1935<br>**79 ГОДИНИ ОД СМРТТА** | / | - Историски час во сите училишта;<br>- Изложба, промоција, портрет, меморијал или друг пригоден перформанс во Домот на културата | Дом на културата | Основните и Средното училиште и Општина Демир Хисар | / | 3.000 | Демирхисарски војвода.<br>Роден е во с. Радово, Демир Хисар. Татко му се вика Стефан, а мајка му умира кога тој имал само еден месец. Имал две сестри, Ристана и Петкана, и еден брат Димитар. Бидејќи бил од сиромашно семејство, татко му го испратил во Битола каде што работел како помошник пекар.<br>Во времето на Илинденското востание, учествувал во битките кај Смилево, Цапари и други села од битолскиот регион. Во 1905 година станал војвода во демирхисарско. Бил назначен за еден од главните разузнавачи на ВМРО за Смилево и Демирхисарско.<br>Учествувал во двете балкански војни и во Првата светска војна. Во 1920 година ја обновил својата чета и до 1928 година одново бил активен. Се повлекол на 59 години, во 1928 година, а умрел во Софија во 1935 година. |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА ЛИЧНОСТА | ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛИЧНОСТА ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ** | Роден<br>04.02.1872<br>**142**<br>**ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО** | 04.02.2014, вторник | - Историски час во ООУ „Гоце Делчев“;<br>- полагање цвеќе на бистата во училишниот двор од страна на учениците и наставниците | ООУ „Гоце Делчев“ | Дом на културата „Илинден“ | / | **/** | **Ѓорѓи Николов Делчев** (Кукуш, 4 февруари 1872 - Баница, 4 мај 1903) бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, деец на Македонската револуционерна организација, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век.<br><br>Неговото име го носи најстарото и најголемо централно општинско основно училиште во Општина Демир Хисар. |
| | | Загинал<br>04.05.1903<br>**111**<br>**ГОДИНИ ОД ЗАГИНУВАЊЕТО** | 02.05. 2014, петок | - Полагање цвеќе на бистата во училишниот двор од страна на официјална делегација на Општина Демир Хисар и делегација на училиштетот<br>- Свечена приредба по повод патрониот празник | | | | / | |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА ЛИЧНОСТА | ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛИЧНОСТА ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | **ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ** | Роден 25.06.1934<br>**80**<br>**ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО** | 25.06. 2014, среда | - полагање цвеќе на гробот во с. Слоештица од страна на литаратурниот клуб „Изгрев“<br>- Изложба, промоција, портрет, меморијал или друг пригоден перформанс во Домот на културата (библиотеката) | Дом на културата (Л.К. „Изграв“ иБиблиотека „Петре М. Андреевски“) | / | / | 6.000 | **Петре Мито Андреевски** бил македонски поет, романсиер, раскажувач и драмски автор.<br><br>Се вбројува меѓу најдаровитите, а воедно и најпопуларните македонски поети и раскажувачи.<br><br>Застапуван е во сите антологии на македонската поезија објавени кај нас и во светот.<br><br>Негови дела во посебни книги се презентирани на повеќе јазици надвор од Македонија.На 9 октомври 2007, Претседателот на Република Македонија, постхумно му додели Орден за заслуги за Македонија, за исклучителниот придонес во развојот и зацврстувањето на македонскиот дух и националната самобитност. |
| | | Почина 25.09.2006<br>**8**<br>**ГОДИНИ ОД СМРТТА** | 28.09. 14, недела | „СЛАВЕЊЕ НА ПИРЕЈОТ“ | АРТ ПОИНТ – ГУМНО и Универзите-тот за аудиовизуел-ни уметности ЕСРА | Општина Демир Хисар | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | 10.000 | |
| | | Свечено отворање на спомен собата „Петре М. Андреевски“ во Слоештица | Јануари/февруари 2014 | Пригодна културно – уметничка програма | ООУ „Браќа Миладиновци“ и Општина Демир Хисар | Дом на култура | / | 10.000 | |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА ЛИЧНОСТА | ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ЛИЧНОСТА ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | **СТОЈАН ЛАЗОРОВСКИ** | Роден 1924<br>**90**<br>**ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО**<br><br>Загина на 29.10.1944<br>**70**<br>**ГОДИНИ ОД ЗАГИНУВАЊЕТО** | 29.10. 2014, среда или на 04.11. 2014, вторник (на денот кога е повторно е пограбан на гробишта-та во Демир Хисар) | - полагање цвеќе на споменичното обележје;<br>- посета и полагање цвеќе на гробот на градските гробишта во Демир Хисар;<br>- панихида;<br>- историски час | Општина Демир Хисар | Дом на културата и семејството | / | 1.000 | Стојан Темелко Лазоровски е роден во 1924 година во селото Мраморец, славната Дебарца, Охридско. До 10 - тата година живеел во своето родно село, кое во 1934/35 година е запалено и опустошено од разбојнички банди, поради што се преселиле во с. Мургашево, каде што Стојан ги поминал детските години. Во 1944 година, кога се распламтува борбата за ослободување на Македонија, Стојан го напуштл своето село и се прилкучил на партизаните. Пролетта 1944 година, Стојан се приклучил на Првиот баталјон на Петтата ударна бригада, наречена уште и Прилепска. Кај месноста „Песјобарци", на 29 - ти октомври 1944 година Стојан бил усмртен од страна на непријателски снајперист.<br><br>По битката, загинатите борци се погребани во заедничка гробница во с. Сенокос, Прилепско. Неколку денови подоцна, посмртните останки на Стојан Т. Лазаревски се откопани и пренесени во Демир Хисар и на 4-ти ноември 1944 се повторно погребани на гробиштата во Демир Хисар. |

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НАСТАНИ ОД ПОСЕБНО ИСТОРИСКО, ОПШТЕСТВЕНО, КУЛТУРНО И ДРУГ ВИД ЈАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАЗВОЈОТ И НАПРЕДОКОТ НА ДЕМИР ХИСАР И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РАЗЛИЧНИ ПЕРИОДИ ОД МИНАТОТО, ПРАЗНИЦИ УТВРДЕНИ СО ЗАКОНОТ ЗА ПРАЗНИЦИТЕ НА РМ И ДРУГИТЕ ПРАЗНИЦИ КАКО И ДРУГИ ВАЖНИ НАСТАНИ ОД МЕЃУНАРОДНО ЗНАЧЕЊЕ

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **СМИЛЕВСКИ КОНГРЕС** | 02 – 07.05.1903<br>**111**<br>**ГОДИНИ ОД ОДРЖУВАЊЕТО** | 02, 03, 05, 06 и 07.05.2014 | - Историски час во сите училишта;<br>- Изложба, промоција, меморијал или друг пригоден перформанс во Домот на културата;<br>-Манифестација „Денови на Смилевскиот конгрес“<br>-Полагање цвеќе на споменичните обележја во Смилево | ОО „Даме Груев“, Смилево, Здружение „Даме Груев“ Битола и Дом на културата „Илинден“ Демир Хисар | Општина Демир Хисар | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | 30.000 | **Смилевскиот конгрес** се одржал од 2 до 7 мај 1903 година во с. Смилево. На овој Конгрес бил ставен крај на полемиките околу прашањето за востание, имено било решено да се крене Илинденско востание во Битолскиот револуционерен округ, а индиректно во Македонија и Одринско.<br><br>Најголемиот број од делегатите веќе на 30 април се собрале во селото Смилево. Соселаните на Даме Груев ја сфатиле честа како и одговорноста од престојот на такво мноштво на револуционерни првенци во нивното село.<br><br>Затоа месното раководно тело, на чело со својот претседател Георги Чуранов, го мобилизирал целото село и на сите мажи и жени им доверил соодветни задачи.<br><br>Дел од месната вооружена сила, деноноќно ја вардела целата околина на час, час и половина растојание, а стотина души вооружени смилевци биле на нозе внатре во селото. |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | **ДЕН НА ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ**<br><br>**ДЕН НА ЕУ** | 09.05.1945<br>**69**<br>**ГОДИНИ ОД ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ**<br><br>**64**<br>**ГОДИНИ ОД ПРВИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЕУ** | 09.05.2014, петок | - Историски час во сите училишта;<br>- Изложба, промоција, меморијал или друг пригоден перформанс во Домот на културата; | Дом на културата | Основните и Средното училиште и невладини организации | / | 3.000 | - Во Берлин, нацистичка Германија го ратификува актот за безусловна капитулација, потпишан во Ремс, Франција, на 7.05.1945 година. Победата на антихитлеровската коалиција се одбележува на **9 мај** како Ден на победата над фашизмот.<br>- на 9 мај 1950 година, тогашниот француски министер за надворешни работи Роберт Шуман го направил првиот чекор кон создавањето на она што денес е Европската Унија. Тој во Париз прочитал изјава за меѓународниот печат, повикувајќи ги Франција, Германија и други европски земји да го здружат своето производство на јаглен и челик, како „прв конкретен темел на европската федерација“.<br>- Во 1985 година 9 мај стана Ден на Европа, со многу јавни манифестации со кои земјите-членки секоја година ги прославуваат европските достигнувања. |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | **ДЕН НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ )**[1] | 24.05.863<br><br>**1151 ГОДИНА ОД МОРАВСКАТА МИСИЈА НА СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ** | 23.05.2014, петок | - Историски час во сите училишта;<br>- Изложба, промоција, меморијал или друг пригоден перформанс во училиштата и Домот на културата | Дом на културата<br>И<br>Основните и Средното училиште | / | / | Парите се предвидени со Програмаѕа за култура | **Денот на сесловенските просветители и учители** или **Денот на светите солунски браќа Св. Кирил и Методиј**<br><br>Празникот е во чест на Св. Кирил и Св. Методиј, основачите на првата словенска азбука – глаголицата. Денот на македонските светители е прогласен за државен празник од. Во 11 век Црквата го прогласила 24 мај (11 мај по стар стил) за ден на светите просветители Кирил и Методиј.<br><br>Денот во Македонија првпат бил одбележан на 11 мај 1860 година во црквата Св. Богородица во Скопје.<br><br>24. мај е избран за ден на словенските просветители и го означува датумот кога започнала Моравската мисија. |

[1] *Се третира и финансира со Програмата за јавни потреби во културата за 2014*

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **ИЛИНДЕН** | 02.08.1903<br><br>**111**<br>**ГОДИНИ ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ** | 02.08..2014, сабота | Манифестација<br>**„ИЛИНДЕН ВО СМИЛЕВО“**<br><br>-полагање цвеќе на сите споменични обележја во Смилево од страна на официјална општинска делегација<br>-општонароден собир на спомен паркот „Даме Груев“ во Смилево;<br>-говор на градоначалникот или друго официјално лице на О. Д. Хисар;<br>-Говор на здружение „Даме Груев“<br>-Културно–уметничка програма;<br>-Марш „По врвиците на илинденските ослободители“ – ОРОМ;<br>-Востанички ручек;<br>-Општонародна веселба; | Општина Демир Хисар Дом на културата, Здружение „Даме Груев“ Битола | ОУ „Даме Груев“ Смилево, МЗ Смилево, ОРОМ, АРМ, Планинарско друштво „Бигла“ и др. здреженија и невладини организации. | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | **120.000** | **Илинден** или денот на Св. Илија е голем македонски национален и православен празник, кој се одбележува на 2 август. Илинден има посебно значење за историјата на македонскиот народ заради тоа што на 2 август започнало Илинденското востание во 1903 година, а во 1944 година е одржано Првото заседание на АСНОМ. Денес, илинденската традиција е испреплетена со патриотски, фолкорни и религиски симболи, што го прави Илинден еден од најбитните празници во Македонија.<br><br>Овој празник е од особено значење за Демир Хисар заради тоа што одлуките за кревањето на востанието се донесени во селото Смилево, на Смилевскиот конгрес, но и дека во виорот на борбата, Смилево било една од првите ослободени територии. |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | **ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ДЕМИР ХИСАР** | 02.09.1944<br>**70**<br>**ГОДИНИ ОД ОСЛОБОДУВАЊЕ-ТО НА ДЕМИР ХИСАР** | 02.09.2014, вторник | - полагање цвеќе на споменикот на демирхисарските револуционери од страна на официјална општинска делегација;<br>- свечена седница на Советот на Општина Демир Хисар;<br>- доделување општински награди и признанија<br>- прием на градоначалникот и претседателот на Советот | Општина Демир Хисар | Дом на културата „Илинден“, ЈКП „Комуналец“ | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | 30.000 | Со одлука на Собранието на Општина Демир Хисар донесена на 31.12.1977 година, Втори септември е прогласен за Ден на ослободувањето на Демир Хисар. |
| 6. | **ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА НА РМ** | 08.09.1991<br>**23**<br>**ГОДИНИ НЕЗАВИСНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | 06 и 07 09.2014, петок и сабота | -Ликовен хепенинг<br>-Регионален кадетски турнир во фудбал;<br>-Општонародна прослава на плоштад (обраќање на градоначал-никот, доделување општински награди и признанија, општонародна веселба) | Општина Демир Хисар | Дом на културата „Илинден“, ЈКП „Комуналец“, Противпожарна единица, основни и Средно училиште | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | 120.000 | На 8 септември 1991 година убедливо мнозинство - 95% од граѓаните што излегоа на референдумот, позитивно одговорија на референдумско прашање: *„Дали сте за самостојна Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија“?*<br>Референдумот **позитивно се изјасниле 1.079.308 граѓани** односно **95,09 отсто** (односно 72,16 % од вкупниот број на граѓани со право на глас). |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | **ДЕН НА ОСНОВАЊЕТО НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР** | **<u>ПРЕДЛОГ</u>**<br>28.06.1955<br>**59**<br>**ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО**<br><br>**<u>АЛТЕРНАТИВА 1</u>**<br>21.11.1945<br>**69**<br>**ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО**<br><br>**<u>АЛТЕРНАТИВА 2</u>**<br>03.01.1947<br>**67**<br>**ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО** | Зависно кој датум ќе се земе за официјален | - Свечена седница на Советот на Општина;<br>- приеми на градоначалникот и претседателот на Советото<br>- доделување награди и признанија | Општина Демир Хисар | Дом на културата, сите основни и Средното училиште | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | | - Републичкиот собор на Народното собрание на НРМ *донесе „Закон за околиите и општините во НРМ“*. Со овој закон, во НРМ се утврдува постоење на **ОКОЛИИ** и **ОПШТИНИ.** Односно, 7 околии и 86 општини.<br><br>- **Демир Хисар првпат се дефинира како ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР во составот на БИТОЛСКАТА ОКОЛИЈА.** Во оваа околија, покрај **Демир Хисар,** влегуваат и општините Битола, Бистрица, Дихово, Долнени, Кривогаштани, Крушево, Кукуречани, Мариово, Новаци, Плетвар, Прилеп и Тополчани;<br><br>- Во составот на **ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР** влегуваат 36 (*од непознати причини, во овој закон не се спомнува селото Белче*) населени места, и тоа: Бараково, Бабино, Базерник, Боишта, Брезово, Вардино, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Мургашево, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суводол, Сувогрло, Утово и Церово (*селата Кочишта и Растојца преминуваат во составот на општината Крушево).*Седиштето на Народниот одбор на Општината Демир Хисар е во Мургашево. |

**<u>Алтернативи:</u>**

- ***<u>21.11.1945</u>*** *- Министерскиот совет на Федерална единица Македонија донесе „Уредба за определување на бројот, територијалните подрачја и седиштата на околиите и местните народни одбори. Во* ***Битолскот округ*** *спаѓаат следниве околии:* ***Демирхисарската,*** *Прилепската, Крушевската, Бродската, Кичевската, Битолската, Мариовската, Ресенската, Охридската и Струшката околија. Во оваа Уредба,* ***<u>ДЕМИР ХИСАР ПРВПАТ се спомнува како ОКОЛИЈА со седиште во село Лопатица. Во составот на оваа околија влегуваат 64 населени места.</u>***
- ***<u>03.01.1947 -</u>*** *Народното собрание на Народна Република Македонија го изгласа Законот за административна територијална поделба на НРМ („Службен весник на НРМ“, бр. 2 од 30.01.1947) .Територијата на Народна Република Македонија е поделена на подрачја на градови и на подрачја на административни околии.*
  *Се формираат 27 административни околии. Според чл. 4, Точка 7, Демир Хисар се определува како посебна административна околија* ***<u>„ДЕМИРХИСАРСКА ОКОЛИЈА со седиште на околискиот народен одбор во село Слепче</u>*** *(во стариот Слепченски Ан, на местото на денешната автобуска станица во градот Демир Хисар).*

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | **ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ** | 11.10.1941<br>**73**<br>**ГОДИНИ ОД ПОЧЕТОКОТ НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ ПРОТИВ ФАШИЗМОТ** | 10 и 11.10.2014, петок и сабота | -Историски час во сите училишта;<br>-Изложба, промоција, меморијал или друг пригоден перформанс во училиштата и Домот на културата<br>-Полагање цвеќе на споменикот на демирхисарските револуционери од страна на официјална општинска делегација | Дом на културата „Илинден“ | Општина Демир Хисар, основните и Средното училиште | / | **3.000** | **Ден на востанието на Македонија** или **Ден на народното востание на македонскиот народ** познат и само како **11 Октомври** е државен празник[1] кој се празнува на 11 октомври во Македонија. Востанието е против фашизмот и со тоа започнува борбата за ослободување на македонскиот народ. Тоа е важен меѓник во борбата за самобитност и самостојност на македонскиот народ. |
| 9. | **ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА** | 23.10.1893<br>**121**<br>**ГОДИНА ОД ОСНОВАЊЕ-ТО НА ВМРО** | 22 и 23.10.2014 | -Историски час во сите училишта;<br>-Изложба, промоција, меморијал или друг пригоден перформанс во училиштата и Домот на културата<br>-Полагање цвеќе на споменичните обележја во Смилево и споменикот во Д.Хисар од страна на официјална општинска делегација-градоначалник и Совет | Дом на културата „Илинден“ | Општина Демир Хисар, основните и Средното училиште | | 3.000 | Празникот се празнува по повод формирањето на македонската револуционерна организација во Солун. Имено на 23 октомври 1893 година во куќата на солунскиот книжар Иван Хаџи Николов во Солун се собрале шестмина млади мажи за да ги ставаат основите на тоа, коешто ќе стане симбол и знаме на борбите на Македонците за слобода. Основоположниците биле: Д-р Христо Татарчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Иван Хаџи Николов, Антон Димитров и Христо Батанџиев. Тие основаат конспиративна група, нарекувајќи ја *Македонски револуционерен комитет*. Организацијата се борела за ослободување на Македонија со сопствени сили, без помош од надвор. |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | **МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЖЕНАТА** | 08.03.1913<br>**101 ГОДИНА** | 07.03. 2013, петок | -прием кај Градоначалникот на Формални и неформални асоцијации на женски активистки;<br>- посети на официјална општинска делегација на работни колективи со претежно женска работна сила и врачување подароци во цвеќе<br>-поддршка на активности за организирање хуманитарни активности на женските активистки; | Општина Демир Хисар | / | / | **3.000** | **Меѓународниот ден на жената** е меѓународен празник што се одбележува на 8 март секоја година. Тоа е ден кога се одбележува борбата на жените за економска, политичка и социјална рамноправност со мажите. |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. | **ДЕН НА ПОЧЕТОКОТ НА БРСЈАЧКАТА БУНА – ДЕМИХИСАРСКИ ЗАГОВОР, ВОСТАНИЕ** | 27.10.1880<br><br>134<br>**ГОДИНИ** | 24.10. 2014, петок | - регионален научен собир (трибина, тркалезна маса) со учество на историчари иод Охрид, Кичево, М. Брод, Прилеп, Крушево, Битола и Ресен. | Општина Демир Хисар | Здружение на љубители на литература, наука и култура „Висарион“ и други научни организации и асоцијации. | | **30.000** | **Брсјачкиот бунт** уште познат како Демирхисарски заговор, се случил против турското и качачкото насилство во Македонија во периодот 1880 – 1882 година на просторот помеѓу Битола, Охрид, Прилеп и КИчево. Ова подрачје што го опфаќа и демирхисарскиот реон е територија населена со некогасшното племе Брсјаци од каде што доаѓа и името.<br><br>После руско – турските војни од 1875 до 1878 година на ова брсјачко подрачје навлегле качачки банди кои го напаѓале и пљачкосувале народот кој започнал да се организира за одбрана.<br><br>Отпорот е организиран во Демир Хисар. Водачи на четите биле Диме Чакре, Ацо Карев, Никола Ковачот, Илија Делија и др. Акциите на четите се засилуваат со приклучување на воени ветерани што учествувале во штотуку завршените борби против Турците |

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВА-ЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | **ДЕН НА ПРОЛЕТТА )[2]** | 21 март | 21.03. 2014, петок | -Еколошки акци за чистење и уредување на училишните и други простории,дворни места и уредување на јавни зелени површини и сл.;<br>-еколошко дефиле со културно-уметничка програма на градскиот плоштад Денот на пролетта со учество на ученици од предучилишно и училишно образование посветена на пролетта | Општина Демир Хисар – Општински Оперативно – координати-вен одбор | Сите основни и Средното училиште, Детската градинка, Домот на културата, ЈКП „Комуналец“, невладини организации | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | Парите се предвидени со Програмаѕа за култура | **21 март** е вообичаената дата на која настапува пролетна рамноденица (првиот ден на пролетта) на Северната Хемисфера, односно есенска рамноденица (првиот ден на есента) на Јужната Хемисфера.<br><br>Овој ден се се одбележува како прв ден на доаѓањето на пролетта. |

[2] *Се третира и финансира со Програмата за јавни потреби во културата за 2014*

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВА-ЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13. | **ДЕН НА МАСКИТЕ И ШЕГАТА )**[3] | 1 април | 01.04. 2014, вторник | - ученички и детски маскенбал на градскиот плоштад со учество на сите основни училишта, Средното училиште и Детската градинка;<br>- избор на најоригинална маска во секое училиште;<br>- доделување на пригодни признанија за најдобрите маски | Дом на културата, сите основни и Средното училиште и Детската градинка | / | / | Парите се предвидени со Програмаѕа за култура | Во најразлични земји од целиот свет, Денот на шегата се слави секоја година на 1 Април. Понекогаш го нарекуваат и денот на сите шегаџии. 1 Април не е национален празник, но секаде е признаен и се прославува како ден кога многумина, маскирани или не во разни познати ликови од бајките, басните, филмовите, стриуповите и сл., ликови, прават разни шеги |

[3] *Се третира и финансира со Програмата за јавни потреби во културата во 2014*

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВА-ЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. | **ВЕЛИГДЕН )**[4] | 20.04.2014 | ВТОР ДЕН | **„ВЕЛИГДЕНСКО БРСЈАЧКО СРЕДСЕЛО“**<br>Забавно – музички хепенинг на градскиот плоштад<br>-избор на најубаво велигденско јајце;<br>-избор на најдобро аранжирана традиционална велигденска трпеза;<br>-културно-уметничка програма<br>-општонародна веселба | Општина Демир Хисар Општински Оперативно – координати-вен одбор | Организација на жени, Вешта жена и други здруженија и неформални групи на жени | Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар | Парите се предвидени со Програмаsа за култура | **Велигден** е најголемиот христијански празник, кој го одбележува и слави Христовото воскресение. |

[4] *Се третира и финансира со Програмата за јавни потреби во културата во 2014*

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВА-ЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15. | **ИВАНДЕН )[5]** | 7 – ми јули | 07.07.2013 | Во склоп со традицијата на овие простори:<br>- пригодна културно – уметничка програма во координација со старешинството наманастирот<br>-колективно и организирано присуство на свеченостите во организација на старешинството на манастирот од страна на претставници на градоначалникот и Советот | Дом на култура | Невладини организации и МПЦ | / | Парите се предвидени со Програмаsа за култура | Еден од големите летни празници што македонскиот народ ги празнува со многу обичаи и верувања. Посебноста на прославувањето во Демир Хисар го прави Иванден еден од белезите на демирхисарската традиција со масовна посета на манастирот свети Јован Претеча кај Слепче. |
| 16. | **МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ )[6]** | 03.12.2014 | 03.12. 2014, среда | -присуство на официјални општински претставници на свеченост по повод одбележувањето<br>-прием кај градоначалникот за претставници на здруженијата на лицата со попреченост | Центар „Порака“ и други невладини организации | Дом на културата | / | Парите се предвидени со Програмаsа за култура | **/** |

[5] *Се третира и финансира со Програмата за јавни потреби во културата во 2014*

[6] *Се третира и финансира со Програмата за јавни потреби во културата во 2014*

| Ред. Бр. | ИМЕ НА НАСТАНОТ | ГОДИНА НА СЛУЧУВАЊЕТО И ГОДИШНИНА | ДАТА НА ОДБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ | АКТИВНОСТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВА-ЊЕ | НОСИТЕЛ - ОРГАНИЗАТОР | СООРГАНИЗА-ТОР - ПОМАГАТЕЛ | ПОКРО-ВИТЕЛ | ПАРИ | КРАТОК ОПИС ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА НАСТАНОТ ЗА ДЕМИР ХИСАР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17. | **СВЕТСКИ ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО** | 07.04.1948<br>**66**<br>**ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО НА СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА** | 07.04. 2014, понеделник | -прием на градоначалникот за приватните здравствени установи<br>- посета на официјална општинска делегација на Психијатриската болница и Здравствениот дом<br>- прогласување на најдобар општински здравствен работник;<br>- свечено врачување на наградата | Психијатриска болница, Здравствен дом, Приватни здравствени ординации и Дом на културата | Општина Демир Хисар | / | 10.000 | Светскиот ден на здравјето се прославува секоја година на 7 април, со што се и одбележува денот на основањето на Светската Здравствена Организација.<br><br>СЗО ја основале Обединетите нации, на 7 април 1948 година. |
| 18. | **ДЕН НА УЧИТЕЛОТ** | 05.10.1994<br>**20**<br>**ГОДИНИ ОД ПРОГЛАСУВАЊЕ-ТО ОД СТРАНА НА UNESKO**, а во спомен на истиот датум од 1966 година кога е потпишана Препораката за статусот на учителот | 03.10. 2014, петок | - пригодна свеченост;<br>- пригодно обраќање на градоначалникот или претседателот на Советот;<br>- прогласување на најдобар општински просветен работник;<br>- свечено врачување на наградата | Основните и Средното училиште | Дом на културата | / | 10.000 | Овој ден е пригода да се истакне дека работата на учителите и наставниците е една од најважните за целокупниот развој на едно општество и дека како таква треба посебно да се цени. |

**I. ФИНАНСИРАЊЕ**

Јавните потреби дефинирани и утврдени со оваа Програма ќе се финансираат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 во износ од 435 000 денари.
Јавните потреби и проекти дефинирани и утврдени со оваа Програма ќе се финансираат со средства од Буџетот на Република Македонија, Министерството за култура, како и од спонзорства и донации од трговски трушства, јавни претпријатија, фондации, од други правни и физички лица и други финансиски извори од заинтересирани домашни и меѓународни парнери.

**II. РАСПОРЕД НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА**

Јавните потреби дефинирани и утвредни со оваа Програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот.
Во текот на буџетската година, оваа Програма ќе се изменува или дополнува со активности што ќе се утврди дека се во согласност целите на оваа Програма.
Јавните потреби дефинирани и утвредни со оваа Програма се финансираат во зависност од приходите на Буџетот на општината во 2014

**Бр.07- 942/8** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**26.122013 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — **Ќире Ристевски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за јавни признанија на Општина Демир Хисар

1.Ја објавувам Одлуката за јавни признанија на Општина Демир Хисар донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08- 966/8 — Општина Демир Хисар
30.12.2013 година — Градоначалник
Демир Хисар — Љупчо Блажевски с.р.

145.Врз основа на член 43, точка 39 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/2) а во согласност со членовите 103 и 104 од Деловникот за работа на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на редовната седница одржана на 26.12.2013, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за јавни признанија на Општина Демир Хисар**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Чл. 1

Со оваа одлука се утврдуваат условите, постапката и начинот на доделување на јавни признанија на Општина Демир Хисар.

Чл. 2

Јавни признанија се изрази на пофалба и благодарност на домашни и странски физички и правни субјекти кои со својата работа, труд, резултати и достигнувања придонесле за напредокот или угледот на Општина Демир Хисар.

Чл. 3

Јавните признанија ги врачуваат Советот на Општина Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар и Општинска Комисија за доделување јавни признанија, на свечена седница по повод Денот на ослободувањето – 2 септември, Денот на општината и Денот на независноста на РМ – 8 септември, а по исклучок, во согласност со одредбите на оваа Одлука, можат да се доделат и во други значајни пригоди и поводи.

## II. ВИД, ОПИС И УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПРИЗНАНИЈА

Чл. 4

Јавни признанија на Општина Демир Хисар се:

1. Почесен граѓанин на Општина Демир Хисар
2. Награда на Општина Демир Хисар за животно дело
3. Награда на Општината Демир Хисар и
4. Грб на Општина Демир Хисар

Чл. 5

За **„ПОЧЕСЕН ГРАЃАНИН НА ДЕМИР ХИСАР“** може да се прогласи личност која е посебно заслужна за промовирање на вредностите на демократското општество, положбата и угледот на Општина Демир Хисар, неговиот однос со другите општини во земјата и странство, како и развојот на општината Демир Хисар или нејзини поедини дејности и области, државник или друго лице од странска држава, член на меѓународни организации, односно невладини организации од други држави, посебно заслужен за Општината Демир Хисар и Република Македонија во промоцијата и развојот на нејзиниот суверенитет и самобитност врз основа на општоприфатените начела на современиот свет.

На личноста која ќе биде избрана за почесен граѓанин, и се предава **СВЕЧЕНА ПОВЕЛБА НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР**.

Одлуката за избор и прогласување на почесен граѓанин на Општина Демир Хисар, на предлог на Комисијата за доделување јавни признанија ја донесува Советот на Општина Демир Хисар, а се соопштува, прогласува и врачува на одбележувањето на 2 септември, Денот на ослободувањето на Демир Хисар, Денот на основањето на општината, 8 септември, Денот на независноста на РМ и во други значајни пригоди и поводи.

Чл. 6

Наградата на Општина Демир Хисар **„ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО“**, се доделува на физичко лице за постигнати вонредни резултати, а особено за успеси и големи заслуги постигнати во областа на науката, бизнисот, економијата, образованието, културата, техничката култура, уметноста, спортот, здравството, социјалната заштита, екологијата и хуманитарните дејности, како и други подрачја и дејности во Општината Демир Хисар.

Наградата за животно дело се состои од **ПЛАКЕТА** и нето **ПЕРИЧЕН ИЗНОС** во висина што, на предлог на Комисијата за доделување јавни признанија, со посебна одлука ќе ја определи и утврди Советот на Општина Демир Хисар.

За доделувањето на наградата на Општина Демир Хисар за животно дело одлучува Комисијата за доделување на јавни признанија.

Наградата се врачува на Свечена седница по повод Денот на ослободувањето на Демир Хисар, Денот на општината, Денот на независноста на РМ и во други значајни пригоди и поводи.

Чл. 7

Наградата **„ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР“** се доделува на граѓани на Општината Демир Хисар, како и на други лица надвор од општината кои работат на промоција и подобрување на угледот на Општина Демир Хисар, на неформална граѓанска или експертска група од два до пет соработници, на трговски друштва, установи, верски заедници, здруженија и на други правни субјекти за постигнати посебни резултати и заслуги во областа на науката, економијата, образованието, културата, техничката култура, уметноста, спортот, здравството, социјалната заштита, екологијата и социјалната заштита, како и од областа на други општествени дејности во Општина Демир Хисар.

Наградата **ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР** се состои од **ПЛАКЕТА** и **ПАРИЧЕН НЕТО ИЗНОС** во висина што на предлог на Комисијата за доделување јавни признанија, со посебна одлука ќе ја определи и утврди Советот на Општина Демир Хисар.

За доделувањето на наградата **Општина Демир Хисар** одлучува Советот, а по предлог на Комисијата за јавни признанија.

Наградата се врачува на Свечена седница по повод Денот на ослобувањето на Демир Хисар, Денот на општината, Денот на независноста на РМ и во други значајни пригоди и поводи.

Чл. 8

Наградата **„ГРБ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР“** се доделува на граѓани и други физички лица, здруженија, трговски друштва, установи и други правни лица, за постигнати примерни резултати и успеси во својата работа.

Наградата **„ГРБ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР“** се состои од **ПЛАКЕТА – ЛИЕН ГРБ** на Општина Демир Хисар **,** а под него се изгравирани името на добитникот и соодветен текст, како и **ПАРИЧЕН ИЗНОС**. Висината на паричниот износ, со посебна одлука го утврдува градоначалникот на општината.

За доделување на наградата „**ГРБ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР“** самостојно одлучува Градоначалникот, а се доделува на Свечена седница на Советот по повод  Денот на ослобувањето на Демир Хисар, Денот на општината, Денот на независноста на РМ и во други значајни пригоди и поводи.

Во текот на една година, градоначалникот може да додели две награди **„Грб на Општина Демир Хисар“** – нестепенувано.

## III. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПРИЗНАНИЈА

Чл. 9

Предлог за доделување на јавни признанија можат да поднесат трговски друштва, установи, верски заедници, политички партии, здруженија и граѓаните – поединечно или како неформална група.

Чл. 10

Јавниот повик за поднесување на предлози за доделување на признанијата се огласува во медиумите и официјалната веб страница на Општина Демир Хисар, најдоцна два месеци пред врачувањето.

Во писмена форма, со задолжително образложение и потребна документација, предлозите се доставуваат до Комисијата за јавни признанија на Општина Демир Хисар, најдоцна 15 дена од денот на објавувањето на јавниот повик.

Чл. 11

Одлука за доделување на јавните признанија ја донесува Советот на Општина Демир Хисар, на предлог на Комисијата за јавни признанија, освен за наградите од член 6 и член 8 од оваа одлука.

Советот, Градоначалникот на Општина Демир Хисар и  Комисијата за доделување на јавни признанија, одлуката за доделување јавни признанија ја донесуваат најдоцна 15 дена пред одржувањето на свечената седница, односно пред врачувањето.

Чл. 12

По правило, наградите за коишто одлучува советот, ги врачува претседателот на Советот на Општина Демир Хисар или негов овластен претставник, а наградите за коишто одлучува градоначалникот ги врачува лично градоначалникот или негов овластен претставник. Наградата за којашто самостојно и независно одлучува Комисијата за доделување на јавни признанија ја врачува претседателот или член на Комисијата.

Чл. 13

Ако признанието не е врачено за време додека е добитникот е жив, се врачува на членови на неговото потесно семејство. За членови на неговото потесно семејство во смисла на овој член се сметаат брачниот другар, децата и родителите.
Сите востановени награди можат да се доделат и постхумно.

Чл. 14

За работите околу спроведувањето на постапката за собирање и обработување на предлозите за доделување на јавни признанија, како и за утврдување на конечниот предлог – одлука за доделување поединечното јавно признание, Советот формира Комисија за доделување на јавни признанија (во понатамошниот текст: Комисија).

Комисијата ја сочинуваат претседател и осум членови. Претседател на Комисијата, по функција и службена положба е претседателот на Советот на општината. Членови на Комисијата, по функција и службена положба се овластен претставник на градоначалникот, координаторите на советничките групи во Советот, како и други истакнати лица од јавниот живот и угледни граѓани кои на предлог на градоначалникот, ги избира Советот на општината.

**IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Чл. 15

Деталните форма, содржина и изглед на јавните признанија, како и нивното идејно и изведбено решение ги утврдува Комисијата за доделување на јавни признанија во согласност со оваа Одлука.

Чл. 16

Финансиските средства за покривање на трошоците за паричниот дел од наградите, дизајнирање и изработка на признанијата, како и церемонијалното врачување на наградите се обезбедуваат од Буџетот на Општина Демир Хисар.

Чл. 17

Стручните и административните работи околу обезбедувањето на јавните признанија ги врши посебно овластено тело од редот на општинската администрација, коешто ќе води и прецизна евиденција за доделените признанија. Видот, обемот на работните задачи, како и бројот на извршителите и персоналниот состав, со посебен интерен акт го утврдува градоначалникот.

Чл. 18

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува по објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“

Бр. 07- 942/9 — Совет на општина Демир Хисар
26.12. 2013 год. — Претседател
Демир Хисар — Ќире Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година

1.Ја објавувам Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08- 966/10
30.12.2013 година
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Љупчо Блажевски с.р

146.Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 96/2004,67/2007,156/2009 и 47/2011 ), и член 43 од Статутот на Општината Демир Хисар ("Службен гласник на Општината Демир Хисар" број 3/2002), Советот на Општината Демир Хисар на седницата одржана на ден 26.12.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година**

Член 1

Буџетот на Општината Демир Хисар за 2014 година, (во понатамошниот текст-Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расхо

ди од сразмерен износ.

Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на Општината. Доколку во текот на извршувањето на буџетот Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и други приливи значително отстапуваат од планот предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Член 7

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетските корисници, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет не може да бидат намалени повеќе од 20% , а одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставки во рамките на буџет не можат со прераспределба да се зголемат повеќе од 10%.

Член 8

Буџетските корисници во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетските корисници го извршуваат врз основа на Финансиски план по месеци.

Член 10

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1 (еден) месец по завршување на кварталот.

Член 11

Месечниот надомест за присуство на седница на советниците се утврдува на 40% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На Претседателот на Совет на општината за раководење и организирање на работата на Советот му следува зголемен месечен надомест од 30% на утврдениот износ.

Член 12

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат:

- висината на потребните средства за исплата на плата на Градоначалникот на општината се утврдува според законски утврден коефициент кој изнесува 2,7 помножен со основицата за пресметување на плата утврдена со Закон која се менува согласно законските измени.

За вработените во општинската администрација:

- За државни службеници вредноста на бодот изнесува 73,85 денари.

- Кај останатите вработени во Општинската администрација кои немаат статус на државни службеници , вредноста на бодот изнесува 19,71 денари

Член 13

Исплатата на плати во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии .Општината е должна два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кои ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП- 1 , копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува платата и образец 6.

Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на

вработениот во Општината му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 15

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот но не повеќе од 30.000,00 денари по семејство.

На вработениот во општината и локалните јавни установи , во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак , посиноци, посвоени деца,и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница , му припаѓа парична помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000,00 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалните јавни установи и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација.Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходна оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Член 16

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од програма Градоначалник –Д0 расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина на двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Член 17

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на општината се врши со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи од 6000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 18

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи, но не поголем износ од 3% од Буџетот. За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

Член 19

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 20

Вработување на нови работници и пополнување на испразнети работни места може да се врши само доколку се во согласност со актите за систематизација и ако за тоа се обезбедени средства од Буџетот на Општината или од Буџетот на Република Македонија во средствата од блок дотациите. За обезбедените средства Градоначалникот на Општината дава писмено известување.

Член 21

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 22

Буџетот на Општина Демир Хисар се извршува од 01.01.2014 до 31.12.2014 година.

Член 23

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Хисар”, а ќе се применува од 01.01.2014 година.

Бр. 07- 942/11
26.12. 2013 год.
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател
Ќире Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлуката за благајнички максимум за 2014 година

1.Ја објавувам Одлуката за благајнички максимум за 2014 година донесена на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08- 966/11
30.12.2013 година
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Љупчо Блажевски с.р

147.Согласно одредбите на член 20 став 2 од Законот за дополнување на Законот за платниот промет ( „Службен весник на РМ „ бр.50/01 до 103/01) , како и член 43 став 1 точка 11 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02 ) Советот на општината Демир Хисар на седницата одржана на ден 26.12. 2013 г. ја донесе следната :

***О Д Л У К А***
**За висината на благајничкиот максимум за 2014 година**

Член 1
Благајничкиот максимум за 2014 година се утврдува на износ од **30.000,00 денари** , парични средства кои ќе може општината Демир Хисар како учесник во платниот промет да ги подига во готово од своите сметки и да ги држи во благајната.

Член 2
Доколку постои прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот , истите ќе се уплатуваат на сметката на Општината Демир Хисар истиот ден или најкасно наредниот работен ден. .

Член 3
Поединечните т.е. индивидуалните исплати во готово кои ќе се вршат од благајната не може да бидат повисоки од **6000,00 денари**.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на општината Демир Хисар„ .

Бр. 07- 942/12
26.12. 2013 год.
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател
Ќире Ристевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година

1.Го објавувам Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година донесен на тринаесетата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 08- 966/9
30.12.2013 година
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Љупчо Блажевски с.р

**148.**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина Демир Хисар на13 седница одржана на 26.12.2013 година, донесе

Б У Џ Е Т
На Општина ДЕМИР ХИСАР за 2014 година

1.Општ дел

Член 1

| Буџет на Општина Демир Хисар за | 2014 година |
|---|---|
| I. ВКУПНИ ПРИХОДИ | 128.246.391 |
| Даночни приходи | 16.970.000 |
| Неданочни приходи | 5.783.000 |
| Капитални приходи | 5.710.000 |
| Приходи од дотации | 66.989.000 |
| Трансфери | 32.370.000 |
| Приходи од донации | 424.391 |
| II. ВКУПНИ РАСХОДИ | 128.246.391 |
| Од утврдени намени | 128.116.391 |
| Резерви | 130.000 |
| III. ДЕФИЦИТ | 0 |
| IV. ФИНАНСИРАЊЕ | 0 |
| Прилив | 0 |
| Домашни приливи | 0 |
| Приливи од странски | 0 |
| Одлив | |
| Отплата на главница | 0 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Заклучок за усвојување на Анекс на Програмата за работа на ОУ „Даме Груев“ с. Смилево општина Демир Хисар--------------------------------------------------------1
2. Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2014 година-------------------------------------------------------------------------1
3. Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2014-------------2-7
4. Програма за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Демир Хисар за 2014 година-------------------------------------------------------------------------7-15
5. Програма за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2014 година------------------------------------------15-16
6. Програма за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата во 2014 година-------------------------------------------------------------------------------16-22
7. Програма за обележување на значајни годишнини од настани и личности од општина Демир Хисар за 2014 година------------------------------------------23-25
8. Одлука за јавни признанија на Општина Демир Хисар -----------------------25-28
9. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 29-31
10. Одлука за благајнички максимум за 2014 година---------------------------32
11. Буџет на општина Демир Хисар за 2014 година--------------------------------33

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**